РАБОТНА ПОСЕТА НА ПЕНТАГОН

ДОНАЦИЈА ОД РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

АВИОН „EMBRAER EMB 314 SUPER TUCANO“

„FOCKE-WULF FW 200 CONDOR“

# ШТИТ

Број 180
Октомври 2024
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Припадници од 1.пешадиска бригада на меѓународната вежба „Saber Junction 24“ во СР Германија



# 25 години од формира Југоисточна Ев

Во касарната „Боро Менков“ во Куманово се одржа свеченост по повод одбележување на 25-годишнината од формирањето на Бригадата на Југоисточна Европа – SEEBRIG, еден од најзначајните проекти на Иницијативата за соработка на министрите за одбрана на Југоисточна Европа – SEDM. На свеченоста се обрати министерот за одбрана, Владо Мисајловски, кој изрази благодарност до командантот на SEEBRIG и до сите поранешни команданти, цивилни и воени лица, за континуираната посветеност и придонес кон исполнување на мисијата на Бригадата. „Работејќи за SEEBRIG и истовремено служејќи им на вашите земји и на нашите граѓани, вие само ја потврдивте посветеноста на сите земји членки кон Иницијативата која донесе соработка, донесе дијалог и овозможи создавање на средина во која владее меѓусебна солидарност и поддршка меѓу државите. Како земја домаќин на SEEBRIG ни претставува задоволство што четири години припадниците на нашите армии заедно работат и придонесуваат за успешна работа на Командата во Куманово“. Министерот Мисајловски во своето обраќање порача дека со оглед на актуелната геополитичка состојба во Европа, загрозената безбедност, бројните форми на хибридни закани, лажни вести, дезинформации, како и научените лекции од минатото, соочувајќи се со КОВИД-кризата и природните катастрофи, треба да се продолжи со зајакнување на одбранбените капацитети, одбранбената билатерална и регионална соработка и дека како држава остануваме фокусирани кон исполнување на втората стратешка цел, полноправно членство во ЕУ. „25-годишнината не е само време за оддавање почит и славење на успесите, туку и можност за пристапување

# њето на Бригадата на ропа, SEEBRIG



со подготвеност и решителност кон сите предизвици“, потенцираше министерот Мисајловски. Претседавачот со Секретаријатот на SEDM, Симона Којоцару, во своето обраќање истакна: „Прославувајќи ја својата 25-годишнина, напредокот на SEEBRIG е конкретен доказ за посветеноста на земјите членки на SEDM. Со придонес кон регионалната стабилност и консолидирање на соработката во спроведувањето на операциите за поддршка на мирот, хуманитарната помош и помош при катастрофи, SEEBRIG може да послужи како доказ дека преку соработка на земјите од ЈИЕ и пошироко може да се дојде до резултати“. Командантот на Бригадата, бригадниот генерал Билбил Битри, во своето обраќање истакна: „Уште од своето основање SEEBRIG стана симбол на единство, обединувајќи професионални војски од земји со различно потекло, култури и истории, но сите беа обединети со заеднички споделени вредности и со заедничка цел – промовирање на воената соработка, гарантирање на сигурноста и безбедноста на нашите народи и придонесување кон мирот и стабилноста во регионот и пошироко“. Командантот Битри додаде дека брзите промени се предизвик и налагаат да продолжиме да се приспособуваме и да се трансформираме, со цел да успееме.

На свеченоста во касарната „Боро Менков“ во Куманово присуствуваа и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, заменици-министри за одбрана на Албанија, на Бугарија и на Романија, генерали од земјите членки на SEEBRIG, претставници од военодипломатскиот кор и други високи гости.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, полковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, полковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)

Печати:
„Фокус принт“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит



12
**Иран - безбедносна закана за Европа**



17
**Изгубените битки и современата воена култура**

# содржина

ШТИТ | година XVI | број 180 | октомври 2024

ИНФО
**Работна посета на Пентагон**............ 6

НАТО
**Прв Симпозиум на НАТО за вселената во Тулуз, Франција**............ 10

Воена едукација
**Изгубените битки и современата воена култура**............ 16

Воена едукација
**Војувалиште – поле на преживување (2)**............ 19

Глобал
**Поделба на приватните безбедносни актери (2)**............ 22

Низ воената историја
**Операција „Барбароса“**............ 24

Глобал
**Перењето пари во еколошкиот криминал**............ 26

Армиски активности ............ 29

Вооружување
**Морнарички ловец-бомбардер на САД „F/A-18E Super Hornet“**............ 32

Вооружување
**„JLTV A2“ – заедничко лесно тактичко возило од следната гене рација**............ 36

Вооружување
**Мобилен радарски електронски воен систем „KORAL II“**............ 44

Вооружување
**Самоодна хаубица „ЈАВУЗ“ 155 мм**............ 47

Воени музеи
**Тајландскиот Кралски музеј на авијацијата**............ 50

Уметниците и војната
**Норман Персевел Роквел Американскиот „скаут“**............ 54



34
**Авион „Embraer EMB 314 Super Tucano“**



41
**Моќта на „тактичката дремка“**

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# КОН ОВОЈ БРОЈ

## 33 години независност

*Нашата држава на 8 Септември прослави 33 години од својата независност. Денот на независноста беше прославен гордо и достоинствено. Владата, по повод Денот на независноста, организираше свечена програма под слоганот „Заедно се бориме, заедно ќе успееме!“. Свечената академија се одржа во Скопје, во Македонската филхармонија. Во рамките на свеченоста беше презентиран специјално подготвен пригоден видеоспот од прославата на независноста со архивски материјали од Референдумот во 1991 година. На крајот од свечената програма, со говор се обрати претседателот на Владата, Христијан Мицкоски. Гледајќи го видеоспотот од далечната 1991 се потсетивме на значајните настани кои го проследија развојот на нашата држава. Ја видовме радоста и гордоста на македонските граѓани кои на 8 септември 1991 година, користејќи го правото на самоопределување, ја изразија својата волја и во огромен број го дадоа својот глас за суверена и самостојна македонска држава. Ја видовме гордоста и ентузијазмот на челниците на државата кои прославуваа заедно со граѓаните...*

*Овој 8 Септември челниците на државата, честитајќи го големиот државен празник, во своите обраќања потсетија на постигнатите успеси на државата, но и предупредија на можните предизвици и пречки кои сè уште стојат на патот на исполнувањето на определените стратегиски цели, пред сè, зачленувањето во Европската Унија, но и на предизвиците кои може да го попречат и осквернават демократскиот развој на државата, а кои се плод на внатрешни и надворешни злонамерници. Претседателката Гордана Сиљановска Давкова во својата честитка по повод 33 години независност на државата порача „Наша должност е да ги оставиме настрана поделбите и да се сплотиме околу општото добро и јавниот интерес. Мора да ги вложиме сите наши лични и институционални капацитети за да ја направиме македонската република пристојно место за живеење, што ќе им дава еднакви шанси за напредок на сите нејзини граѓани, република што ќе биде грижлива кон најдобрите, инклузивна кон различните, солидарна кон ранливите и праведна кон сите. Само со европеизација на државата, со владеење на правото и со борба против корупцијата, со функционални институции и со компетитивна економија и систем на заслуги ќе им овозможиме на младите генерации, правото на потрага по среќа да го остварат дома, во заедничката татковина, во која ќе работат, ќе основаат семејства и ќе создаваат иднина. Само така, ќе ја обновиме надежта и ќе го вратиме ентузијазмот од почетокот на македонската независност“. Во своето обраќање по повод Денот на независноста, премиерот Христијан Мицкоски соопшти десет принципи околу кои треба да се создаде заедништво и сплотеност на сите фактори и општествени чинители.*

*Тој потенцираше дека мора да се воспостави правда и правна држава, да се прекине со партизација во општеството, како и да не се создаваат етнички конфликти и поделби. Денот на независноста свечено го одбележаа и сите припадници кои беа на должност во објектите и единиците на Армијата, но и сите припадници кои се дел од мировните мисии во странство. Министерот за одбрана Мисајловски во својата честитка до вработените во МО и припадниците на Армијата порача „Денеска го славиме Денот на македонската независност, ги славиме единството, силата и издржливоста кои нè дефинираат како народ и како држава. Сплотени со јасна визија и решителност остануваме посветени на нашите вредности и заложбите за мир, економски напредок и европски просперитет на нашата држава“.*


„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.


**ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,**

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk







# Работна посета на Пентагон– поддршката од САД е силна и продлабочена

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, оствари неколкудневна работна посета на САД по повод Годишните билатерални одбранбени консултации со високи претставници во Пентагон. Во рамки на посетата на САД, министерот Мисајловски, придружуван од НГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски, оствари средба со Аманда Дори, потсекретар за одбранбена политика. На средбата, Аманда Дори ги истакна цврстите билатерални односи помеѓу двете земји, искажувајќи ја подготвеноста за продлабочување на меѓусебната соработка и изрази задоволство за нашата посветеност за модернизација на Армијата и за подготвеноста за справување со заедничките одбранбени предизвици во рамките на НАТО. Министерот Мисајловски се заблагодари за поддршката од САД и порача дека остануваме целосно посветени на заедничката соработка, во согласност со Патоказот за соработка во одбраната, како одзраз на нашите заеднички одбранбени цели. По средбата во Пентагон, министерот Мисајловски го посети Меморијалниот центар „Арлингтон“ во Вашингтон и положи венец на „Гробот на незнајниот војник“.

Во рамки на посетата, државниот секретар во МО, Елизабета Чуповска-Ристова и генералот Сашко Лафчиски, остварија средба со Треша Гуенов, главен заменик на помошникот-секретар за одбрана за меѓународна безбедност, на која се дискутираше за модалитетите за зајакнување на одбранбената соработка. Министерот за одбрана Владо Мисајловски и Треша Гуенов, во Пентагон ги отворија Годишните билатерални одбранбени консултации. На отворањето, министерот Мисајловски ја истакна суштинската важност на македонско-американската одбранбена соработка, се заблагодари за поддршката за опремување и модернизација на македонската Армија, за советодавната поддршка во одбранбените реформи, како и за тридецениската поддршка и придонес во обуката и вежбовните активности. Министерот Мисајловски порача дека, зајакнувајќи ги одбранбените капацитети на нашата земја, остануваме посветени на безбедноста и стабилноста на Балканот и пошироко. Мисајловски ја потврди заложбата на Владата за доследно исполнување на обврските од последниот самит во Вашингтон, притоа потврдувајќи ги проекциите на буџетот за одбраната за 2025 г. и за модернизација и континуитет на започнатите заеднички процеси во Армијата. Во врска со нашиот придонес и посветеност кон колективната безбедност, Мисајловски истакна дека тоа најдобро се гледа преку учеството на армиските припадници во мултинационалните сили на НАТО во Латвија, во Романија и во Бугарија, на регионално, ниво преку придонесот во мисијата на НАТО на Косово, КФОР и во операцијата



на ЕУ во Босна и Херцеговина, АЛТЕА и мисијата на ООН во Либан. Билатерални одбранбени консултации се одржаа во три сесии, со учество на високи делегации од двете страни на кои се дискутираше за соработката и за идните сојузнички приоритети, вклучувајќи го учеството во заеднички вежби и обуки, придонесот кон глобалниот мир и безбедност, зајакнувањето на нашите одбранбени капацитети, како и долгогодишното партнерство со Националната гарда на Вермонт. На консултациите, освен министерот Мисајловски, учествуваа и НГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски, заменик на директорот во Здружениот штаб Ј5 за Европа, НАТО и Русија, бригадниот генерал Грант Фосет, државниот секретар во МО, Елизабета Чуповска-Ристова, одбранбеното аташе на САД, полковник Даниел Скваерс, претставници од Здружениот штаб, од Агенцијата за одбранбена безбедносна соработка, од Стејт департментот на САД, Командата на САД за Европа и експертските тимови на Пентагон, Министерството за одбрана и Генералштабот на Армија. За време на посетата на САД, министерот Мисајловски оствари работни средби и со Алтон Буланд, директор за ЕУ и НАТО политика во Канцеларијата на секретарот за одбрана, и со генерал-потполковник Џонатан Стабс, шеф на Бирото на Националната гарда на САД. Работната посета на САД министерот Мисајловски ја заокружи со средба со шефот на Бирото за НГ на САД, генерал-потполковник Џонатан Стабс. На средбата, на која присуствуваа и НГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски и командантот на НГ на Вермонт, генерал-мајор Грегори Најт, уште еднаш беше потврдено тридецениското партнерство помеѓу Армијата и НГ на Вермонт. Во рамки на посетата на САД, НГШ, генерал-мајор Сашко Лафчиски, оствари средба со началникот на Здружениот штаб на ВС на САД, генерал Чарлс Браун. На средбата во Пентагон, на која присуствуваа високи воени раководители на највисоката воена команда на САД, се разговараше за заедничките активности со ВС на САД и поддршката која ја овозможува нашиот стратешки партнер.

# Конференција на Воениот комитет на НАТО

Началникот на ГШ на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, оствари тридневна работна посета на Чешката Република и учествуваше на редовната конференција на Воениот комитет (ВК) на НАТО, која се одржа во Прага. Во рамките на конференцијата, генералот Лафчиски активно учествуваше на сесиите од ова заседание и во дискусиите за прашања кои се од стратегиско значење за Алијансата, истакнувајќи ја пред сè, посветеноста за понатамошна поддршка на Украина. Во понатамошните дискусии околу постигнување на целите на Алијансата, го истакна значењето на тековниот процес на опремување и модернизација на Армијата со цел исполнување на нашите обврски кон НАТО. На отворањето на конференцијата, поздравни обраќања имаа претседавачот на Воениот комитет на НАТО, адмиралот Роб Бауер, претседателот на Чешката Република и поранешен претседавач на ВК, Петр Павел и НГШ на ВС на Чешката Република, генерал-потполковник Карел Река.

За време на првата сесија на началниците на генералштабовите беше даден осврт на спроведување на одлуките донесени од страна на сојузничките држави на Самитот во Вашингтон во јули оваа година. Додека Алијансата ја прославува 75-годишнината од своето постоење, лидерите на НАТО преземаат големи чекори за дополнително зајакнување на одвраќањето и одбраната, за зајакнување на долгорочната поддршка на Украина и продлабочување на глобалните партнерства. Командантот на Врховната сојузничка команда за операции, генерал Кристофер Каволи, ги брифираше началниците на генералштабовите за напредокот на имплементацијата на плановите кои Алијансата ја прават посилна во одвраќањето и одбраната од кој било потенцијален противник. Како дел од пакетот за поддршка на НАТО за Украина, се разговараше и за формирањето на нова НАТО команда, која ќе да планира, ќе координира и ќе организира испорака на безбедносна асистенција. Во третата сесија, врховниот командант на Сојузничките сили за трансформација, генералот Филип Лавињ, ги информираше учесниците за напредокот на трансформацијата и за начинот на војување на Алијансата во согласност со НАТО процесот за одбранбено планирање (NDPP).

Меѓу другото, началниците на генералштабовите разговараа за Украина, за Центарот за заедничка анализа, обука и едукација (JATEC), кој е важен столб на практичната соработка, за да се идентификуваат и применат лекциите од војната на Русија против Украина и да се зголеми интероперабилноста на Украина со НАТО. Заклучоците од заседанието беа соопштени на попладневната заедничка прес-конференција на претседавачот на ВК на НАТО, адмиралот Роб Бауер и началникот на Генералштабот на ВС на Чешката Република, генерал-потполковник Карел Река. Воениот комитет на НАТО, на ниво на началници на генералштабови, одржува два редовни состаноци во текот на годината, а еднаш годишно заседава во една од сојузничките земји членки.





# Донација од Република Турција

Во касарната „Илинден“ во Скопје беше извршено примопредавање на донација од дронови, средства за врски, ноќни визири и интендантска опрема од Република Турција за потребите на специјалните единици на Армијата



На примопредавањето на донацијата од Република Турција се обратија министерот за одбрана, Владо Мисајловски, амбасадорот на Република Турција, акредитиран во нашата земја Фатих Усулој и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски. Министерот Владо Мисајловски во своето обраќање го честиташе националниот празник – Денот на победата и Денот на Вооружените сили на Република Турција, при што истакна дека оваа донација е уште еден доказ за сојузништвото и пријателството меѓу двете земји повеќе од три децении. „Донацијата од Република Турција уште еднаш го докажува вистинското и трајно пријателство меѓу нашите народи. Во име на македонскиот народ и Армијата, му благодарам на турскиот народ и на државата за оваа донација, која ќе овозможи зајакнување на капацитетите на Армијата, а со тоа и јакнење на мирот, безбедноста и стабилноста на Алијансата“, истакна министерот Мисајловски. Министерот Мисајловски посочи дека Турција е наш докажан пријател и партнер и дека нивната поддршката значително придонесе за модернизација и опремување на македонската Армија со нова најсовремена опрема во согласност со НАТО стандардите. „Мојата порака до нашите турски пријатели и сојузници е дека, како министер за одбрана ќе продолжам да се залагам за уште поблиска соработка која има заедничка цел, а тоа е побезбеден регион и посилна алијанса “, порача министерот Мисајловски.

Амбасадорот Усулој, во своето обраќање посочи дека односите помеѓу двете држави ја црпат својата сила од длабоко вкоренетите историски, културни и меѓучовечки врски и дека, воената опрема која се донира не претставува само еден грант, туку е симболичен знак на поддршка во насока на зајакнување на одбранбените капацитети на нашата држава. „ Со над 50-тина потпишани договори ги изградивме нашите воени односи врз цврст темел. Бевме ваш сојузник, кој моќно го поддржуваше вашето членство во НАТО “, истакна амбасадорот Усулој.

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Лафчиски, истакнувајќи ја важноста на донацијата, изрази благодарност до Република Турција за поддршката при градењето на армиските капацитети. „Континуираната помош што ја добиваме од Република Турција за градење на нашите одбранбени капацитети, е од исклучително значење за нас. Со оваа донација за нашиот Баталјон за специјални сили, која вклучува дронови, средства за врски, ноќни визири и интендантска опрема, ја потврдуваме нашата успешна билатерална соработка“ посочи генералот Лафчиски.




# Охридски безбедносен форум
## „Безбедносните предизвици во Југоисточна Европа: Градење отпорност преку соработка“




Во Охрид, по дванаесетти пат, се одржа Охридскиот безбедносен форум, во организација на македонската Алумни асоцијација на дипломирани студенти од Центарот „Џорџ Маршал“, со поддршка на Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ Маршал“ од Германија и Одделот за јавна дипломатија на НАТО

Оваа година во фокусот на Форумот беа безбедносните предизвици во ЈИЕ, односно градењето отпорност преку соработка. Излагања имаа професори и експерти од Центарот „Џорџ Маршал“ од Германија, од земјите од Западен Балкан, како и претставници од САД, од Хрватска и од Словенија. Значајно е што на овогодинешниот форум беа поканети и учесници од Бугарија, Романија, Грција, Молдавија и Турција, така што оваа година на Форумот во Охрид беа присутни 13 земји, со повеќе од педесетина учесници, претставници на безбедносно-одбранбени институции, експерти и професори. Панелите на Форумот беа поделени според тематски содржини, произлезени од централната тематска определеност на Форумот. На свеченото отворање беше министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски, кој со своето излагање го отвори Форумот. Свои обраќања на свеченото отворање на Форумот имаа и претседателката на македонската Алумни асоцијација „Џорџ Маршал, м-р Билјана Поповска, како и заменик-директорот на центарот „Џорџ Маршал“ од Германија, бригадниот генерал во пензија Тимоти Мекатир и потполковникот Ханс Петер Вамсле, одбранбениот аташе на Германија. Министерот Тошковски истакна дека заедничките евроатлантски вредности се основен двигател на земјите од Западен Балкан за надминување на разликите и продолжување по патот кон евроатлантските интеграции и дека остануваме посветено, заедно со другите земји од Западен Балкан и пошироко, во соработка со сите меѓународни безбедносни институции, да се бориме за надминување на предизвиците и обезбедување безбедност за сите граѓани. Првиот панел беше посветен на клучните безбедносни предизвици и трендови во регионот на Западен Балкан. Беа елаборирани главните безбедносни предизвици во Регионот на ЈИЕ, како и најзначајните внатрешни и надворешни трендови и отворени прашања на Балканот во однос на евроатлантските интеграции. Вториот панел ги обедини експертите од регионот со излагања на истата тема, но од внатрешна перспектива. Третиот панел се занимаваше со проблемите поврзани со илегалната миграција и организираниот криминал. На четвртиот панел се елаборираа екстремизмот и тероризмот. Безбедносните предизвици од ширењето лажни вести и дезинформации беа дискутирани на петтиот панел, а на шестиот панел беше дискутирано за сајбер-безбедноста и заштитата на критичната инфраструктура во Регионот на ЈИЕ. Последниот работен ден од Охридскиот безбедносен форум беше осмислен како симулациска игра со којашто се решаваа определени безбедносни закани предизвикани од сајбер-напади на институции и претпријатија. На свеченото затворање на Форумот и доделувањето на сертификати беше поканета заменик-министерката за одбрана Елфет Исмаили, којашто одржа пригоден говор и им ги подели сертификатите на учесниците на Форумот.Во својот говор, заменик-министерката Исмаили ја истакна важноста од соработката на земјите од Западен Балкан, како главен фактор на демократијата и просперитетот во регионот.

Ж.Р.




# Прв Симпозиум на НАТО за вселената во Тулуз, Франција

> Градот Тулуз во Франција беше централно место за еден настан кој доведе до пресвртница, а тоа е одржувањето на првиот Симпозиум на НАТО за вселената, реализиран во април 2024 година. Организатори на настанот беа Франција и Меѓународниот воен штаб, со посредство на Сојузничката команда за трансформација

На овој прв Симпозиум на НАТО зедоа учество компании кои развиваат сопствено производство и компании кои нудат услуги во делот на вселената. Партнерство и соработка со приватниот сектор е потреба и неопходност, а посебно беше истакната важноста на јавно-приватните партнерства за безбедноста на вселената. Во фокусот на НАТО беше зајакнување на соработката со засегнатите страни во комерцијалниот простор, за да се поттикне поцврсто партнерство помеѓу јавниот и приватниот сектор, искористувајќи ја експертизата и еластичноста на растечката вселенска индустрија. Со поттикнување на соработката и искористување на моќта на иновациите, Алијансата има цел да зацрта курс кон безбеден и отпорен вселенски домен. Овој прв симпозиум ги обедини клучните носители на одлуки, индустриските лидери и вселенските експерти од командите на НАТО, членките на НАТО, индустријата и академијата. На овој значаен собир учествуваа високи претставници од седиштето на НАТО во Брисел, команданти на стратешките команди на Алијансата и претставници на националните делегации. На Симпозиумот учествуваа цивилни и воени претставници од страна на министерствата за одбрана и вооружените сили на земјите учесници. Симпозиумот имаше двојна цел: прво, да ја забрза интеграцијата на вселенските способности во планирањето и операциите на НАТО, истражувајќи како да се искористи вселенскиот сектор кој брзо се развива во корист на колективната одбрана и второ, настанот послужи како клучен момент за дефинирање на долгорочна визија на НАТО за вселената, што ќе придонесе за дискусиите на претстојниот самит и за одбележувањето на 75-годишнината од основањето на НАТО во Вашингтон. Симпозиумот беше отворен од заменик-генералниот секретар на НАТО, Мирчеа Џоана. Од 2019 година НАТО ја призна вселената како најнов оперативен домен, со цел да овозможи одредени критични функции на воените операции, комуникации и временска прогноза, следење на противниците и обезбедување позиција, навигација и временски период. Свое обраќање на Симпозиумот имаа командантот на Врховната сојузничка команда на НАТО за трансформација, генерал Филип Лавињ и командантот на Врховната сојузничка команда на НАТО за операции, генерал Кристофер Каволи. Генералот Лавињ нагласи дека „постигнувањето на свеста за вселенскиот домен, односно сеопфатното разбирање на вселенската средина, вклучувајќи ги заканите и слабостите, е стратешки императив, што е од клучно значење за НАТО, со цел да ги исполни своите основни задачи и да дејствува во опкружување од повеќе домени“. Понатаму, тој ги охрабри учесниците да замислат иднина во која вселената останува платформа за научна соработка, следење на животната средина и глобален просперитет, во партнерство со индустријата и

академијата, за да се обезбеди, преку заеднички пристап изграден на иновации, издржливост и одговорен напредок, просперитет за во иднина.
Претставниците на високо ниво се осврнаа на виталната улога на вселената во одвраќањето, одбраната и еволуцијата на операциите во повеќе домени, кои ги интегрираат операциите низ сите видови во вооружените сили, на копно, во море, во воздух, сајбер-вселената, барајќи беспрекорна интероперабилност во овие области.
Во соработка со Европската Унија се планира визија за вселената за наредните 20 години, а во соработка со Организацијата на НАТО за наука и технологија, потребно е споделување напредно научно знаење, технолошки развој и иновации, со цел да се зајакне технолошката и воената предност на НАТО. Заканите со кои колективно се соочува светот брзо напредуваат, па во таа насока мора да се продолжи соработката со сојузниците и да се задржи предноста во однос на конкурентите. Првиот симпозиум за вселената, исто така, ја истражува критичната улога што ја има идната стратегија за одвраќање и одбрана на НАТО, со фокус на „хоризонтот“ до 2040 година и вселенските способности, кои се од суштинско значење за обезбедување на потребите на сојузниците.
Во рамките на Симпозиумот беше истакната важноста на неодамна отворениот Центар за извонредност за вселената. Центрите за извонредност акредитирани од НАТО се мултинационално основани и спонзорирани ентитети, кои нудат призната експертиза и искуство во рамките на дефинирана предметна област во корист на Алијансата. Центрите на извонредност не се дел од командната структура на НАТО, туку се дел од пошироката рамка што придонесува за функционирањето на Алијансата. Врховниот командант на сојузничките сили за трансформација на штабот ги координира активностите на центрите за извонредност, осигурувајќи дека нивните резултати се усогласуваат со Програмата за работа на сојузничката команда за трансформација.
Центарот за извонредност за вселената обезбедува знаење, анализа и производи кои ги покриваат трите оперативни функции: свесност за вселенскиот домен, поддршка за оперативниот простор и координација во доменот на вселената. Центарот е лоциран во Тулуз, Франција. Овој центар е најновото дополнување на програмата на центрите на Алијансата. По добивање на официјалната акредитација во јули 2023 година, Центарот работи на проширување на своите способности и градење на својот персонал од 15 земји спонзори, меѓу кои е и Република Северна Македонија. Мисијата на Центарот за извонредност за вселената е да служи како катализатор за разбирање, подобрување и трансформација на вселенските способности во рамките на Алијансата. Тој ќе делува за фокусирање на образованието и обуката, за анализи и научени лекции и ќе претставува практичен развој на концепти и експериментирање на НАТО. Исто така, Центарот ќе помага за развој на доктрината и стандардите на Алијансата, за забрзување на работата за прашања поврзани со вселената и проширување на употребата на НАТО во доменот на вселената. Центарот ќе претставува катализатор за зголемување на експертизата поврзана со вселената, стимулирајќи ја вселенската интероперабилност за вселенските средства на сојузничките нации преку создавање мост помеѓу Алијансата и сите релевантни национални и меѓународни вселенски организации, комерцијални сектори и академијата.

Драган Павловски









# Иран – безбедносна закана за Европа

Дали Исламската Република Иран и терористичките организации Хамас и Хезболах, претставуваат реална закана по безбедноста на Европа? Во септември 2023 година, пред да биде извршен терористичкиот напад на Хамас врз Израел на 7 октомври истата година, директорот на МОСАД, изјави дека израелските разузнавачки служби, во соработка со нивните странски партнери, во текот на 2022 година спречиле 27 терористички напади организирани од Иран, ширум светот, во Европа, Африка, Далечниот Исток и Јужна Америка

Директорот на МОСАД ги предупреди иранските лидери дека ќе платат висока цена со враќање „во срцето на Техеран“, ако израелските граѓани или евреите кои што живеат надвор од Израел бидат повредени во тековните, значително засилени, државно организирани и спонзорирани, терористички напади ширум светот. Информациите укажуваат дека терористичката кампања се спроведува во согласност со политичката директива на лидерот - иранскиот врховен водач, ајатолахот Али Хамнеи. Директорот на МОСАД истакна загриженост околу опасноста што ја претставува иранскиот режим, а посебно поради напредното оружјето со кое што Русија го снабдува Иран, а претставува егзистенцијална закана за Израел. Според предупредувањата на германската разузнавачка агенција од 2022 година, Либанската терористичка група Хезболах, поддржана од Иран, долго време има своја воспоставена мрежа во Европа, а Хамас ги гледа западните земји како прибежиште во кое организацијата може да се концентрира на собирање донации, регрутирање нови поддржувачи и ширење на својата пропаганда. Во декември 2023 година, канцеларијата на премиерот Нетанјаху објави заедничка изјава на израелските безбедносно-разунавачките служби МОСАД и Шин Бет во која се предупредува за проширување на инфраструктурата на Хамас во Европа. Акцент беше ставен на податокот дека палестинската група поддржана од Иран прави глобален напор по секоја цена да реализира напади врз израелски, еврејски и западни цели. Сепак, Израел, без разлика на ставот на европските лидери, се обидува да ги елиминира воените капацитети на Хамас во Газа и Хезболах во Либан. Оваа акција на Израел исто така би ја намалило способноста на овие терористички организации да дејствуваат и во Европа. Но, само неколку месеци по нападите на 7 септември, во декември 2023 година, припадници на терористички ќелиите поврзани со Хамас во Данска, Германија и Холандија беа уапсени откако беа откриени дека планирале да нападнат еврејски цели во Европа. Оружјето поврзано со апсењата во Германија и Холандија е пронајдено во Бугарија. Бугарската полиција го откри скриено оружје што терористите поврзани со Хамас имаа намера да го употребат против еврејските институции во Европа, а оружјето беше пронајдено закопано под дрво во јужна Бугарија. Германската полиција пронашла фотографии од пиштоли, муниција и списанија на телефонот на еден од осомничените

и со помош на дигиталната трага на фотографиите го лоцирале оружјето. Со помош на информации добиени од израелскиот МОСАД, Холандската полиција во Ротердам уапси уште еден осомничен поврзан со истиот терористички заговор.  Според германските обвинители, лицата уапсени во Германија собирале оружје за да бидат во состојба на готовност за извршување на потенцијални терористички напади врз еврејските институции во Европа. За потсетување, во Бургас, Бугарија, во 2012 година, беше извршен самоубиствен бомбашки напад во автобус, од страна на човек кој има врски со Хезболах. Бомбашот, идентификуван како Мохамад Хасан Ел-Хусеини со двојно либанско-француско државјанство, уби 5 и повреди 32 израелски туристи. Во 2020 година, на сторителите на овој терористички акт, а за помагање на бомбашот самоубиец, бугарскиот суд во отсуство им изрече доживотна казна затвор.
Германската домашна разузнавачка служба проценува дека Хамас има околу 450 следбеници во земјата. Нивните активности се движат од изразување на сочувство и пропагандни активности, до активности за финансирање и собирање средства за зајакнување на организацијата во странство. Со акциите кои ги презеде германското министерство за внатрешни работи против исламистичките екстремисти, испрати јасен сигнал дека нема да толерира никакво величење или поддршка на теророт на Хамас против Израел.
Во Берлин и покраините Долна Саксонија, Баварија, Северна Рајна-Вестфалија и Шлезвиг-Холштајн, од страна на 500 полицајци беа претресени околу 70 локации, со сомнение за поврзаност со Хамас, пропалестинското здружение Самидун, промовирање на идеологијата на иранското раководство и поддршка на активностите на Хезболах во Германија.
Американскиот Стејт департмент го прогласи Хамас за терористичка група во 1997 година, а Европската унија и другите западни земји исто така го сметаат за терористичка организација. По нападот на терористичката група на 7 октомври, Германија му понуди воена помош на Израел и вети дека ќе ја запре поддршката за милитантната група Хамас. Канцеларот Олаф Шолц изјави дека Германија има историската одговорност што произлегува од Холокаустот, а тоа е постојана задача за залагање за безбедноста на државата Израел. Меѓу другото, Германија е дом на најмалку 1900 членови на мрежата на Муслиманското братство. Катарската телевизија Ал Џезеира, главниот медиумски



спонзор и промотор на Муслиманското братство, за движењето објави дека тие отсекогаш се придржувале до својот идеал за општество управувано од исламските закони и морал. Мотото на Муслиманското братство е: „Алах е нашата цел; Пророкот е нашиот водач; Куранот е нашиот закон; Џихадот е нашиот пат; умирањето на патот на Алах е нашата најголема надеж“.
Во извештајот на Канцеларијата за заштита на Уставот, домашната разузнавачка агенција на германската покраина Долна Саксонија е наведено дека зголемен е и бројот на членови и поддржувачи на либанската терористичка организација Хезболах во Германија. Според разузнавачкиот извештај, бројот на поддржувачи и членови се зголемил од 1050 во 2019 година на 1250 во 2020 година. Во извештајот стои дека Хезболах го негира правото за постоење на државата Израел и се бори против неа со терористички средства.

Во Германија, следбениците на Хезболах одржуваат организациска и идеолошка кохезија, меѓу другото, во локалните здруженија на џамии, кои првенствено се финансираат од донации. Наведено е дека за шиитската заедница, основана со помош на Исламската Република Иран, Хезболах бара примена на исламскиот правен систем на шеријатот. Во 2020 година германското Министерство за внатрешни работи ги забрани сите активности на Хезболах на територијата на федералната република. Во овој разузнавачкиот документ од 436 страници што ја опфати 2020 година, Хезболах е цитиран 37 пати. Извештајот ги документира безбедносните закани по уставниот и демократскиот систем на покраината Долна Саксонија, меѓутоа во извештајот не се објаснети причините за зголемувањето на членовите и поддржувачите на Хезболах во Германија и Долна Саксонија. Според извештајот, Хезболах



пропагира против западните институции и насочен е против меѓународното разбирање и мирниот соживот на народите. Антизападната идеологија и тероризмот на Хезболах се причина тој да биде подложен на набљудување од страна на германските безбедносно-разузнавачки служби, а неговиот мобилизацискиот потенцијал не треба да се потцени. Здруженијата кои што го подржуваат Хезболах се активни во градовите Хановер и Оснабрик во јужна Долна Саксонија, како и во областа на градот Бремен. Разузнавачките податоци велат дека здруженијата се финансираат главно преку членарина и донаторски активности. Поврзаноста на Хезболах со локалните подржувачи се одвива преку претставници на Хезболах кои доаѓаат од Либан за специјални прилики, како на пример, годишнината од повлекувањето на израелската армија од јужен Либан или



на значајни муслимански празници. Покрај Германија, целото движење на Хезболах е назначено како терористичка организација од страна на САД, Арапската лига, Холандија, Израел, Канада, Обединетото Кралство, Австрија, Чешка, Јапонија, Литванија, Словенија и многу други европски и земји од Латинска Америка. Франција, Шпанија, Италија за терористички ентитет го прогласија само воено крило на Хезболах.

Во март 2023 година, грчката полиција уапси двајца пакистански државјани, кои планирале терористички напади со масовни жртви врз израелски и еврејски цели во земјата. Според изјавите на претставниците на безбедносните служби и двајцата биле дел од иранска терористичка мрежа. Една од целите бил еврејски ресторан во центарот на Атина. Нивната цел не била само да предизвикаат загуба на животи на невини граѓани, туку и да го поткопаат чувството на безбедност во земјата, притоа да им наштетат на јавните институции и да ги загрозат меѓународните односи на Грција. Двајцата осомничени илегално влегле во Грција од соседна Турција и биле во земјата најмалку четири месеци. Во текот на истрагата добиени се разузнавачките информации за инфраструктурата, методите на делување и поврзаноста со Иран. Двајцата Пакистанци биле дел од голема иранска мрежа која оперира во многу други земји. Од анализата на запленетите докази и дигитални податоци се потврдило дека членовите на мрежата веќе избрале цел и објект за напад од особено значење, извршиле извидување на областа и планирање на нападот, и ги добиле последните инструкции за да го извршат нападот.

Неколку месеци по настанот во Грција, во Холандија беше уапсен Амин Абу Рашед, претседател на Европската конференција на Палестинците, затоа што за Хамас обезбедил финансиски средства во висина од 5,5 милиони евра. Уште во 2013 година, Израел го назначи  Абу Рашед, како оперативец на Хамас во Европа. Следен е членот на одборот на ЕКП, Мохамад Ханун, кој раководи со италијанска добротворна организација. Во 2013 година, Ханун водел европско-арапски конвој во Газа, каде што се сретнал со претставници на Хамас. Ова се примерите како Хамас и другите терористички групи дејствуваат под маската на добротворни и невладини организации, а Израел не е сам во идентификувањето на мрежи на невладини организации во Европа поврзани со палестински терористички групи. Неколку месеци по терористичките напади во САД на 11 септември 2001 година, во декември 2001 година, поради собирање средства и финансирање на Хамас, добротворната организација Holy Land со седиште во Тексас, беше прогласија за терористичка група. Сите овие случаи ја истакнуваат стратегијата на Хамас за собирање пари преку филијали во странство. Годишно милиони евра се слеваат во Газа од европски невладините организации кои се поврзани со Хамас. Но, Хамас, исто така, успева да добие помош од европските добротворни организации кои не се нивни филијали. Во 2018 година, невладината организација Норвешка народна помош, беше вмешана во измама со финансиски средства од УСАИД. Оваа невладина организација требаше да плати над 2 милиони американски долари на САД како признание дека обезбедува материјална поддршка за Иран, Хамас, Народниот фронт за ослободување на Палестина и Демократски фронт за ослободување на Палестина.

Иако некои европски земји неодамна направија чекор напред во апсењето на осомничените европски филијали на Хамас, па дури и во забрана на групата како целина, недостатокот на европски санкции за поединечни членови на Хамас и други тајно поврзани групи им овозможува на оперативците слободно да се движат на европско тло. Дозволувајќи им на терористите да поттикнуваат и да дејствуваат на континентот, Европа станува сѐ поранлива на домашниот екстремизам. Британскиот свештеник Анџем Чудари ја водел мрежата Ал Мухаџирун, и проповедал екстремно толкување на исламот слично на она на Хамас. Овој британски свештеник беше инспирација за убиството на две лица на Лондонскиот мост во 2019 година и убиството на британскиот војник Ли Ригби на улица во Лондон во 2013 година. Уапсените лица кои ги извршиле терористичките акти присуствувале на проповедите на Чудари и тврделе дека ги извршиле нападите за да се одмаздат за убиените муслиманите од страна на британските војници. Судот во Лондон го обвини свештеникот Чудари за тероризам. Погрешно е твдењето дека „брендот Хамас“ и нивните терористички филијали ширум Европа се идеолошки различни од другите милитантни исламистички движења. Абу Рашед, претседателот на Европската конференција на Палестинците, имаше редовни настапи на антиизраелските протести во Холандија, каде што ја манифестираше својата омраза кон еврејската држава. Овој тип на омраза го инспирираше извршителот на терористичките бомбашки напади во Лондон на 7 јули 2005 година, во кои загинаа 52 лица. Тој ги објасни своите мотиви во видео објавено непосредно пред нападот, велејќи дека се одмаздува поради финансиската и воена поддршка на САД кон Израел и масакрот на палестинците.Во февруари 2024 година, белгискиот министер за

правда потврди дека Хамас оперира во Брисел - де факто главниот град на Европската унија. Тоа го прави преку мрежа на филијали-компании кои собираат средства за терористичката организација, заедно со активности насочени кон подобрување на имиџот на Хамас во Европа. Сепак белгиските власти му дозволуваат на Хамас и понатаму да опстојува. Хезболах има своја организација во Европа. Според извештајот на Европол за 2022 година мрежата на соработници изградена од Хезболах во ЕУ е осомничена дека управувала со транспортот и дистрибуцијата на дрога во ЕУ, се занимавала со трговија со огнено оружје и водела операции за перење пари. Според експертите за безбедност, Европа, едноставно ја игнорира инфилтрацијата на Иран на континентот преку терористички прокси групи. Хамас во Европа е присутен околу 30 години, преку организиции филијали, а нивната пропаганда, нивните модели на социјалните мрежи, се многу јавни и видливи. Интересно е дека Хамас не е приоритет за европските органи за спроведување на законот, а земја како Белгија попрво би ги инвестирала своите ресурси во следење на членовите на терористичката организација Исламска Држава, кои според нивните проценки претставуваат подиректна безбедносна закана. Во Европа, главни терористички закани се сунитските групи како што се Ал Каеда и ИД, а шиитскиот екстремизам не се смета за закан. Но, во изминатите пет години, Иран стои зад најмалку 33 терористички заговори само во Европа, вклучително и против цели во Шведска и Велика Британија. Според извештај на конгресот на САД, иранскиот корпус на Гардата на исламската револуција обучува, финансира, и вооружува свои следбеници, и споделува разузнавачки информации со опасните прокси сили низ Блискиот Исток и во странство и ги напаѓа европските и американските граѓани. Тие ги подготвиле и обучиле терористите на Хамас и палестинскиот исламски џихад за масакрот кој се случи на 7 октомври 2023 година во Израел. Офицерите на иранскиот корпус на исламската револуционерна гарда заедно со Хамас ги подготвувале воздушните, копнените и поморските упади. Деталите за операцијата биле утврдени за време на неколку состаноци во Бејрут на кои присуствувале офицери на Гардата на исламската револуција и претставници на четири милитантни групи поддржани од Иран, вклучувајќи го и Хамас, кој ја има власта во Газа, и Хезболах, шиитска милитантна група и политичка фракција во Либан.
Со оглед на тоа дека Иран претставува голема закана за земјите членки на ЕУ и нивните граѓани, очигледно е дека ова прашање треба да се разгледа со најголема итност. Во исто време Иран продолжува да ја снабдува Русија со воена опрема, а беспилотните летала од Иран ја уништуваат Украина. Иран има балистички ракети кои можат да стигнат до Европа и е блиску до остварување на способноста за нуклеарно оружје. Дали западните сојузници ќе почнат сериозно да се справуваат со оваа закана? Иран е егзистенцијална закана за Израел, но и директна закана за безбедноста на Западот во целина. Можеби Техеран повеќе е фокусирано кон САД, но и Европа е релативно ранлива на иранските проектили, беспилотни летала, терористички филијали и заканите за снабдувањето со нафта и гас.
Очигледно е дека следбениците на Исламската Република Иран се обидуваат да поттикнат екстремизам на европско тло, а припадниците на Револуционерна гарда се посветени на планирање и извршување на напади. Дел од наведените случаите докажуваат дека терористичките групи ги користат невладините организации како параван за недозволени активности, а апсењата на оперативци на Хамас и запленувањето на оружје се јасна потврда за тоа. Европа не може да го игнорира екстремното идеолошко непријателство на иранскиот режим против основните западни вредности како што се слободата на говорот, верската толеранција и правата на жените. Иако Германија одлучно се справува со оваа закана, остатокот од Европа треба подобро да размисли за својата безбедност, а посебно за намерите на милитантните екстремисти коишто оперираат многу подалеку, надвор од границите на Блискиот Исток.

д-р Ненад Танески







# Изгубените битки и современата воена култура

Почнувајќи од херојските подвизи на античките воини и легендарни битки, па до примери од модерното војување, овие приказни ги отелотворуваат вредностите, доблестите и идеалите што ги дефинираат вооружените сили на една држава. Митовите и легендите ги издигнуваат воените лидери и единици до митски статус, прикажувајќи ги како симболи на храброст, чест и жртва достојни за насочување на идните генерации, особено во војничката професија. Оперативната вештина опфаќа концептуализација, планирање и извршување на воени операции за постигнување стратегиски цели. За ова е потребно креативно размислување, приспособливост и длабоко разбирање на оперативната средина. Митовите и легендите обезбедуваат богат извор на инспирација за оперативните планери, нудејќи вредни сознанија за умешноста на војувањето и сложеноста на различни конфликти. Денешните воени лидери ги користат лекциите од минатото за да ги применат во однос на современите предизвици. Со проучување на историските битки и профилите на легендарните војсководци, тие ја зголемуваат способноста за препознавање, предвидување и приспособување во услови на неизвесност.

Изгубените битки, иако често се гледаат како моменти на пораз и понижување, често имале свој придонес во обликувањето на воената култура и моралот на денешните војски. Тие ефикасно може да се преведат во современата воена култура и имаат големо влијание врз стратегиското размислување, оперативното планирање и создавањето на еден вид дух на отпорност на вооружените сили. Изгубените битки се всушност „учење од неуспехот“ и служат како моќни алатки за сфаќање на силните и слабите страни на воените тактики, стратегии и лидерство на една војска. После секој пораз војските спроведуваат темелни анализи за да ги идентификуваат основните причини за неуспех, овозможувајќи да се приспособат и да ги подобрат своите способности во иднина. Лекциите научени од изгубените битки се вметнуваат во програмите за обука, развојот на доктрините и идното оперативно планирање, поттикнувајќи култура на континуирано учење и иновации.

Изгубените битки ја тестираат издржливоста и приспособливоста на вооружените сили, поттикнувајќи ги да ги надминат тешките моменти од историјата за да се изградат како посилни. Воената култура ја нагласува важноста на истрајноста наспроти неуспесите, всадувајќи борбен дух кај припадниците на војската. Преку директно соочување со неуспехот и прифаќање на лекциите, војските негуваат култура на издржливост и истрајност. Тоа им овозможува да развијат ментален склоп на стратегиска непобедливост, да бидат посигурни и одлучни против секој противник. Тие се вметнуваат во културните наративи и идентитетот на вооружените сили, обликувајќи на тој начин како тие се перципираат себеси и своето место во историјата. Иако поразот може да биде



Оперативната вештина претставува моќна алатка за обликување на воената култура, бидејќи применува креативно и критичко согледување на проблемите. Митовите и легендите од минатите војни се длабоко вкоренети во воената традиција на секоја војска. Тие отсекогаш биле составен дел на воената култура, што претставува извор како извор на инспирација, мотивација и идентитет за војниците во различни временски периоди

горчлив поразот, исто така, служи како извор на мотивација и инспирација, поттикнувајќи ја одлучноста да се надминат предизвиците и да се постигне победа во идните конфликти. Бидејќи воената култура ги почитува хероите кои храбро се бореле во загубените битки, нивната жртва е претставена како симбол на храброст и претставува порака за издржливост на идните генерации. Изгубените битки имаат големо влијание врз обликувањето на стратегиското размислување на војската, т.е. како тие ги дефинираат заканите, како прават планови и распределуваат ресурси. Сеќавањето на минатите порази служи како предупредувачка приказна, потсетувајќи ги воените лидери на последиците од погрешно донесените одлуки. Со критично гледање на грешките од минатото, војските усвојуваат внимателен и прагматичен пристап во одлучувањето, давајќи приоритет на управувањето со ризик и планирање на непредвидени ситуации за да се избегне повторување на грешките. Еден од примерите за изгубена битка што значително го обликувала начинот на размислување на една војска е битката кај Диен Биен Фу, која се одвивала во период од 13 март до 7 мај 1954 г. за време на Првата индокинеска војна. Оваа битка имала големо влијание врз француската војска и одиграла клучна улога во обликување на пристапот на Франција кон колонијалните конфликти и деколонизацијата. Во оваа битка, француските сили се обидоа да воспостават контрола во изолирана територија во северен Виетнам, со цел да ги навлечат виетнамските сили во одлучувачка битка. Виетнамците започнале масовен напад на француските позиции, користејќи иновативни тактики и огромна огнена моќ.

И покрај првичните француски успеси, виетнамските сили го опколиле Диен Биен Фу, подложувајќи го францускиот гарнизон на постојано артилериско дејство и пешадиски напади. Отсечени од можноста за логистичка поддршка и засилување со луѓе, француската позиција станала сè понеодржлива. Во мај 1954 година, по речиси два месеци интензивни борби, францускиот гарнизон се предал, означувајќи понижувачки пораз за Франција и сигнализирајќи крај на француската колонијална власт во Индокина. Битката кај Диен Биен Фу имала долгорочни последици за Франција како воено, така и политички. Тој пораз го урнал митот за француската воена надмоќ во тој дел од светот и ги разоткрил ограничувањата на колонијалната воена сила пред националните бунтови. Поразот придонел за преиспитување на колонијалните политики на Франција и го забрзал процесот на деколонизација во Југоисточна Азија. Овој пораз имал трајно влијание и врз француската воена мисла, влијаејќи на тоа како Франција треба да пристапи кон идните конфликти и нејзината улога во постколонијалниот свет. Се истакнала важноста од разбирање на политичката и социјална динамика на бунтовничките движења и ограничувањата на конвенционалните воени стратегии во асиметричното војување. Битката кај Диен Биен Фу е пример за тоа како една изгубена битка може длабоко да го обликува начинот на размислување, не само на една војска туку и на цела држава. Оваа битка ја принудила Франција да се соочи со реалноста на колонијалното војување и поттикнала реевалуација на стратегиските приоритети, што директно влијаело на процесот на деколонизација.

Друг пример за изгубена битка, којашто значително ја обликувала воената мисла на една држава, меѓутоа во овој случај во друг правец, е Сталинградската битка за време на Втората светска војна. Оваа битка имала големо влијание врз нацистичка Германија и влијала врз нејзината воена стратегија, доктрина и, на крајот, на нејзиниот пораз. Битката траела од јули 1942 година до февруари 1943 година и претставувала клучна конфронтација меѓу германските и советските сили за контрола на градот Сталинград. Германската војска, под команда на генералот Фридрих Паулус, започнала со масовна офанзива за заземање на Сталинград како дел од амбициозната кампања за освојување на Советскиот Сојуз.

Отпрвин германската војска направила значителен напредок навлегувајќи длабоко во градот. Водејќи исцрпувачка и долготрајна урбана борба, Црвена армија, предводена од генералот Жуков, користејќи ги суровите зимски услови, започнала со контраофанзива и извршила целосно опколување на непријателот. И покрај очајните обиди да се пробијат или да се надополнат опколените сили, германската војска постепено била ослабена до степен кога повеќе не можела да продолжи со борба. Во февруари 1943 година, соочен со глад и огромен советски притисок, генералот Паулус се предал, означувајќи го почетокот на катастрофалниот пораз на нацистичка Германија. Битката кај Сталинград имала далекусежни последици за нацистичка Германија и за текот на Втората светска војна. На германската војска ѝ биле нанесени огромни материјални и човечки загуби и бил уништен митот за германската непобедливост. Поразот кај Сталинград

го означил и пресвртот на Втората светска војна, сигнализирајќи го почетокот на серија германски порази на Источниот фронт. Поразот влијаел на германската воена доктрина и стратегија и поттикнал да се преиспита изводливоста на долготрајна војна за исцрпување на Советскиот Сојуз. Тоа ја нагласило важноста на логистиката, линиите за снабдување и способноста да се одржат операции во сурови средини, лекции кои подоцна ќе го обликуваат германското воено планирање за следните битки.
Битката за Сталинград од германски аспект е пример за тоа како изгубената битка може длабоко да го обликува воениот начин на размислување на една војска, правејќи лузна од која тешко може да закрепне, принудувајќи ја на тој начин нацистичка Германија да се соочи со реалноста на тотална војна и со важноста на стратегиското планирање, логистиката и издржливоста наспроти одлучното противење. Научените лекции од поразот во Сталинград влијаеле на германското воено размислување и придонеле за крајниот пораз на нацистичка Германија.
И денес изгубените битки ги поттикнуваат војските да ги преиспитаат своите способности и да се приспособат на заканите кои се развиваат во постојано променливото безбедносно опкружување. Суровата реалност на поразот ги принудува вооружените сили да инвестираат во модернизација, обука и технолошки иновации за да одржат конкурентна предност на бојното поле. Освен тоа, изгубените битки стимулираат и стратегиско размислување за алтернативни пристапи за решавање на конфликти, како што се дипломатија и градење на коалиции, што претставува поширока посветеност за постигнување безбедност преку невоени средства. Иако поразот може да биде трауматичен, тој служи како моќен катализатор за учење, приспособување и трајност на вооружените сили. Затоа се смета дека изгубените битки имаат клучна улога за обликување на културата, идентитетот и стратегијата на денешните војски. Со прифаќање на лекциите од минатите неуспеси и нивно применување на сегашните предизвици, војските подобро се подготвуваат за предизвиците во денешниот комплексен и непредвидлив свет. Митските наративи имаат големо влијание врз оперативното размислување. Тие го обликуваат начинот на кој воените лидери го замислуваа и пристапуваа кон оперативното планирање и донесување одлуки. Приказните за легендарните





битки служат како архетипови на стратегиското размислување, опишувајќи ги принципите на маневар, измама и одлучувачки моменти во битка. Воените лидери се потпираат на овие наративи за да направат оперативни планови кои ќе ги земат предвид непријателските слабости, го користат теренот и ресурсите и ја преземаат иницијативата на бојното поле. Митовите и легендите ги збогатуваат воените операции со чувство за одредена цел, зајакнувајќи го верувањето дека победата не само што е можна, туку и неизбежна за оние кои ги отелотворуваат херојските идеали од минатото.
Преку митовите и легендите се негува култура на извонредност во вооружените сили и се мотивираат војниците да бидат во потрага по победа, да се стремат кон величина и да ги надминат своите ограничувања. Со истакнување на одлуките на легендарните воини и команданти, воената култура ги зајакнува вредностите на дисциплина, посветеност и самопожртвуваност, кои се суштински за успех во борба. Оперативната вештина обезбедува рамка за преточување на овие вредности во акција, овозможувајќи им на воените единици да ги постигнат своите цели со прецизност, ефикасност и смелост. Таа е мост помеѓу митовите и легендите на воената култура и практичната реалност на модерното војување. Со црпење на лекциите од минатото и нивно применување во современите предизвици, вооружените сили можат да негуваат култура на извонредност, што ги отелотворува доблестите на храброст, чест и издржливост.

Ѓорѓи Вељовски



# Војувалиште – поле на преживување (2)
# (Како да преживеете на бојното поле)

**Планирање и опрема.**

За преживување на распоредените сили НАТО членките го користат акронимот SERE (Survival, Evasion, Resistance and Escape) или, во превод, „преживување, избегнување, отпор и бегство“ (U.S. navy seal survival handbook, page 33): S – започнете веднаш со преживување, одржете ја психофизичката состојба и кондиција, одржете ја нормалната телесна температура, одржете ја адекватната хидратација, обезбедете внесување на потребната количина калории. E – користете средства и помагала за локација, избегнувајте демаскирачки знаци, користете таен план за акција. R – процени ги условите да бидеш заробен, заштити ги тајните информации, намали го психофизичкиот стрес, обезбеди го сопственото и преживувањето на другите војници на достоинствен начин, ограничи го степенот на личната експлоатација, обиди се да избегаш. E – сигнали и барања за спасување, воспостави комуникација со пријателски сили, следи ги процедурите за извлекување. Опремата за преживување се состои од комплет за преживување (survival kit) и санитетски комплет за прва помош. Комплетите за преживување, војникот може да ги носи прикачени на себе, на тактичкиот ремен или тактичкиот елек, што е и најдобра опција, односно во неговиот ранец (борбен, тактички или модуларен). Комплетите треба да се компактни и лесни за носење, исполнувајќи ги критериумите за мал волумен и тежина. Комплетите со поголем волумен зафаќаат поголем простор доколку се носат во ранец, додека поголемата тежина на комплетите ја зголемува тежината на борбениот товар на војникот. Потребното борбено оптоварување на војник изнесува една третина од неговата вкупна тежина или 27 кг, додека при изведување на борбени дејства, тежината на борбениот товар изнесува 15,5кг., додека во продолжени дејства на марш изнесува 9,8 кг. Во Американската армија просечното борбено оптоварување на еден војник е од 27 до 36 кг, така што просечното, вкупно.оптоварување при марш е од 36 до 45 кг, додека при итен пристапен марш, просечното оптоварување достигнува тежина од 45 до 56 кг. На стрмен терен над 1500 мнв, по можност оптоварувањата треба да се намалат за 50%. Според содржината, комплетите за преживување се делат на универзални (наменети за кој било географски дел или подрачје од планетата) и на регионални (наменети за конкретен регион на извршување на воените ангажирања (артички, пустински, тропски, планински и други региони). Според намената, постојат идивидуални комплети за преживување, кои ги должи и ги носи со себе секој војник, и колективни комплети за преживување, кои се должат на ниво вод и на повисока формација. Најчесто овие комплети се транспортираат со моторни возила, истите рамномерно се распоредуваат и им се доделуваат на војниците за носење и транспорт. Во книгите FM.3-05-70 – Army survival, Survival kits, page 3-4, и Soldier's guide to mountain warfare, Survival tips, page 11, се наведуваат карактеристиките и содржината на комплетите за преживување кои треба да се сместени во вакуум кеси или во пластични контејнери, се носат во тактичка торба која треба да е издржлива и водоотпорна, лесна за носење и за прикачување на телото на војникот,

со соодветна големина за прифаќање на потребната содржина. Опремата за преживување се состои од: сечива и алати: нож (бајонет, тактички, џебен или мултифункционален), тактичка лопата/војнички ашов (современите тактички лопати во рачката имаат пила за сечење на дрва и кремен за палење оган), тактички секири (најчесто изработени во форма на „томахавк“. Покрај основната намена, нивната употреба е забележана и во воените интервенции во Ирак и во Авганистан при разбивање на врати и прозорци, отстранување на ролетни од прозорците, пробивање на трошни ѕидови во интервенциите во Авганистан, развлекување на бодликави жици итн. Под сечива и алати се подразбира и мала рачна пила и сајла за сечење дрва, која може да се употреби и како ладно оружје. Средства за навигација: компас, бусола, ГПС-уреди, топографски и специјални карти, водоотпорни папки и фолии за пакување и носење документи и карти, водоотпорен тактички бележник и прирачник за преживување. Средства за осветлување и сигнализација: најразлични батериски рачни и тактички ламби за на глава, бета-ламба за читање на карти и осветлување на мал простор (се состои од кристал кој ослободува зелена светлина, со неограничен рок на траење), ласери, флуоресцентни светлечки стапчиња во најразлични бои, сигнално огледало, сигнална лента (се носи на надлактицата на двете раце), сигнално платно, државно знаме, тактички воени свирчиња итн.Средства за палење оган: најразлични запалки, водоотпорен кибрит, магнезиумски кибрит, кремен и точило бидејќи е многу сигурно средство за палење оган кое ослободува насочен сноп од искри кој достигнува температура и до 20000 степени Целзиусови, со можност и до 3000, како и најразлични стартери за палење оган во форма на таблети и коцки за палење оган. Останатата содржина на тактичката торба може да се состои од паракорд-јаже од 15 метри, конец и јадици за фаќање риби, мал монокулар со варијабилно зголемување, бои и мрежа за маскирање (истата се користи и за заштита од инсекти), термо-ќебе од алуминиумска фолија, средство за дезинфекција на раце, пончо или шаторско крило, надворешни соларни извори на електрична енергија и друго.

## Радиофреквенција и сигнализација

Радиофреквенција подразбира носење резервна батерија, исклучување на непотребните светла и звуци за да се сочува батеријата, заштита на радиоуредот со најлонска кеса, одржувајќи го сув (заштитен од допир со вода) и топол (во услови на ниски температури треба уредот да биде блиску до телото за да се продолжи времетрењето на батеријата). Радиокомуникацијата се планира во согласност со кратенката PACE (P - Primary/Примарна, A - Alternate/Алтернативна, C –Contingency/Непредвидена, E - Emergency/Итна помош). Веднаш треба: да се воспостави радиоконтакт, во зависност од итноста на критичниот момент, да се осигури автентичноста на радиокомуникацијата, користејќи кодови за идентификација; да се користи разговорник (таблица на сигнали) за комуникација; радиоконтактите да се остваруваат во точно определено време, во согласност со планот за радиокомуникација, користење на 24-часовен канал за итни случаји; да се научи напамет радиофреквенцијата на каналот за итни случаи; радиокомуникацијата не треба да е подолга од 10 сек. и по остварениот радиоконтакт да се исклучи радиоуредот и да се напушти локацијата.
Сигнализација – сигналите можат да бидат светлосни, звучни, чадни, со сигнално платно или со знаци (симболи). Сигналите служат за комуницирање по пат на Морзеова азбука, договорени сигнали или знаци (симболи) кои означуваат одредена ситуација или настан. Светлосни сигнали можат да бидат дадени со одреден извор на светлина (фенер, факел, батериска ламба, светлосни стапчиња или сигнално огледало). При користење на светлосни сигнали за комуникација со користење на Морзеовата азбука, најважно е војниците да го знаат меѓународниот повикувачки знак за помош СОС – Спасете ги нашите души (SOS – Save Our Souls), кој се состои од три точки, три црти и три точки, односно три кратки светнувања, три долги светнувања и три кратки светнувања (истиот СОС-сигнал може да се даде и со звук, со помош на сигнално свирче). Црвеното светло, кое се повторува пет пати во интервал со траење од 5 секунди, исто така е повикувачки знак за помош, исто како и три големи огнови запалени во линија, на растојание од 5 метри од огниште до огниште или осамено запалено дрво, познато како дрво-факел (иако мора да се земе предвид дека на бојното поле, огништата претставуваат лесно уочливи





демаскирачки знаци). Сигналното огледало е специјално дизајнирано огледало, дел од комплетите за преживување, кое се состои од правоаголно специјално огледало со силно рефлектирачки светлосен сноп кој може да достигне рефлектирање на светлина и до 5000 метри. Во средината огледалото има кружен отвор којшто служи како нишан преку кој се нишани во правецот каде што сакаме светлосниот сноп да биде рефлектиран, а од задната страна на огледалото постои упатство за негова употреба.
Во случај да се побара помош од воздухоплови или кога воздухопловите ќе бидат ангажирани за извлекување, спасување или поддршка, како одговор на забележаниот СОС или друг сигнал, пилотот на авионот ќе ги испрати следниве пораки: 1.Пораката е примена и разбрана – надлетување на авионот со мавтање на крилата горе-долу, или светлосен сигнал со трепнување на зелени светла во интервал од шест пати. 2.Пораката е примена, но не е разбрана – кружење со авионот од лево кон десно, правејќи целосни кругови, или светлосен сигнал со трепкање на црвени светла во интервал од шест пати. 3.Позитивен одговор – надлетување со понирање на воздухопловот напред. 4.Негативен одговор – надлетување со воздухопловот, движејќи го лево-десно (зиг-заг) во правецот на надлетувањето.
Звучни сигнали можат да се испратат со кој било инструмент или уред кој може да имитира звук. Во комплетите за преживување тоа е сигналното свирче. Постојат повеќе модели на тактички сигнални свирчиња кои, освен со свирче, се опремени и со компас, термометар, кремен за палење на оган и друго. Сите старешини и војници треба да имаат сигнално свирче кое, освен за сигнали при командувањето, може да послужи и за давање на најобичен звучен сигнал за барање помош, кога војникот е повреден и ранет на бојното поле, кога поради снемоштеност нема доволно сила и глас за да повика и да биде слушнат во случај на потреба и потрага. Звучниот сигнал од сигналното свирче може да биде слушнат и подалеку од 1000 м.




**Чадни сигнали**

Според бојата на чадот, чадните сигнали имаат иста намена како и бојата на светлината на светлечките стапчиња. Чадот најчесто се добива од чадните бомби, при што бојата на чадот, исто како и бојата на светлечките стапчиња, има општоприфатено значење во НАТО армиите, при што белиот чад е со општа намена и служи за означување на позиции, чадот со црвена боја означува влезна точка или пристапен правец, чадот со зелена боја означува терен или простор без присуство на непријател, исчистен простор со неутрализиран и ликвидиран непријател, слободен терен итн., синиот чад се користи за означување на опасна зона, постоење на простор со мини на изненадување, миниран простор итн. и чадот се жолта боја означува точка за медицинска евакуација. Сигнално платно е водоотпорно платно, кое од едната страна е во маскирна или зелена боја, додека од другата страна е со лесно уочлива флуросцентна портокалова боја со големина метар на метар и повеќе, наменето за обележување на одредена точка во просторот. Сигналното платно може да се користи за заштита на модуларните ранци од атмосферски врнежи, а некои сигнални платна се користат како термоизолациони прекривки или како ќебиња со алуминиумска фолија. Најпознато платно е Паулиновото платно со големина 2,5 на 2,5 метри. Од едната страна е во жолта или црвена боја, додека од другата страна е во сина или во зелена боја. Во колективната опрема за преживување, секое возило и секој шатор треба да имаат сигнално платно за негово обележување.
Во согласност со НАТО стандардите, постојат точно утврдени знаци со кои се означуваат одредени ситуации или состојби на теренот, особено кога станува збор за преживување, медицинска евакуација или извлекување на сопствените сили (Survival - manual of land warfare, page 7-12). Знаците се изработуваат во соодветна големина до 1 м за да се забележат од копно, или до 5 м за уочување од воздух. Од посебно значење се и рачните сигнали, сигналите со знаменца или батериската ламба за комуникација помеѓу војниците кои се движат пешки или на возила, како и маршалерските сигнали за наведување на воздухоплови, пред сè на хеликоптери. Најчесто користени знаци се следниве:

| Знак | Значење | Знак | Значење |
|---|---|---|---|
| Y | Да | F | Барам храна и вода |
| N | Не | L | Барам моторно масло и гориво |
| JL | Не разбирам | \|/ | Барам оружје и муниција |
| К | Барам насоки за дејство | | |
| X | Не може да се изврши | LL | Состојбата е редовна |
| I | Барам доктор – сериозна повреда | ↑ | Продолжи во правецот на стрелката |
| II | Барам медицински (санитетски) средства | Δ | Безбедно за слетување |
| + | Барам медицинска евакуација | SOS | . . . - - - . . . |

Виктор Крстевски



# Поделба на приватните безбедносни актери (2)
## Приватни воени компании

Под можна приватизација биле ставени и двата критични сектори поврзани со безбедносните функции и собирањето разузнавачки податоци и нивната анализа. Подоцна, после завршувањето на Студената војна, Џорџ Буш и Бил Клинтон како претседатели на САД ја продолжуваат оваа реформа, при што голем дел од воените и од разузнавачките функции што долго време биле под надлежност на Пентагон, биле на некој начин делегирани на приватната воена индустрија , односно на приватните воени компании. Во основа, терминот „приватна воена компанија“ (ПВК) не постои ниту во едно актуелно меѓународно законодавство или концесија. Приватните воени компании се различни од платеничките групи кои се дефинирани со меѓународен закон како поединци или војски, најмени да ја урнат владата со сила или да го поткопаат државниот поредок. Една од дефинициите за ПВК е во насока на тоа дека, „приватна воена компанија е регистрирана цивилна компанија која е специјализирана за: обезбедување договори за воена обука (настава и програми за симулација), воени операции за поддршка (логистичка поддршка), работни спсобности (специјални сили, команда и контрола, комуникации, разузнавачки функции) и воена опрема Поопштата дефиниција на ПВК се однесува на тоа дека овие „компании обезбедуваат услуги како, на пример, воена обука, разузнавање, логистика, офанзивни борби и безбедност во конфликтни зони – што претходно беа спроведени од страна на националната воена сила“. Од друга страна, Сингер го употребува терминот „приватни воени фирми“ (ПВФ) како „бизнис-провајдери на професионални услуги кои се поврзани со војна“, односно овие ПВФ според него се резултат на долгорочна еволуција на платениците. ПВФ се корпоративни тела што нудат широк спектар на услуги. Тие се специјализирани за обезбедување воени вештини, спроведување тактички борбени операции, стратегиско планирање, разузнавање, оперативна и логистичка поддршка, обука на војници, техничка помош и друго. За разлика од наведените дефиниции, проширената дефиниција за приватните воени компании ги опишува како компании што нудат услуги што претходно припаѓале во доменот на државните воени сили, а опфаќаат воени обуки и тренинзи, логистичко и офанзивно водење вооружени борби, како и нудење безбедносни услуги во конфликтни зони со единствена цел – профит.

И покрај ваквите дефинициски пристапи, сепак не постои консензус за тоа што претставуваат ПВК. Тоа е знак на конфузијата и контроверзноста околу идејата на приватниот сектор како изведувач на воени и безбдносни мисии. Новинарите најчесто ги карактеризираат вработените во ПВК како корпоративни платеници. Сепак, треба да се нагласи дека сите ПВК не се исти ниту, пак, услугите што ги нудат. Разбирањето на оваа индустрија е сериозно попречена од фактот дека не постои јасна разлика меѓу различните услуги што се нудат и воените функции што ја дефинираат приватната воена индустрија. Бидејќи акциите на ПВК често се контроверзни, некои фирми се обидоа со сета своја моќ да го прикријат опсегот на нивните активности. Други преферираат да се наречат себеси „компании за безбедност“, со цел да привлечат помалку внимание од медиумите, да имаат подобар легимитет

или помалку причини за страв од регулација.
Во основа, првата ПВК датира од 1967 година, кога сер Дејвид Стерлинг ја основал „Watch Guard International", компанија што вработувала поранешни припадници на британскиот SAS со идеја да тренираат војски во странство.
Денес ПВК функционираат на сите континенти, освен на Антартикот , што значи дека на пазарот постојат многу приватни компании. Некои од најпознатите што дејствуваат во меѓународни рамки се: Blackwatr (САД) , DynCorp International LLC (САД) , Military Professional Resources Inc. (САД) , VINNELL Corporation (САД) , Armor Group (Велика Британија) , Control Risks Group (Велика Британија) , (Велика Британија), Erinys International Ltd (Велика Британија/ Јужна Африка) .
Значи, приватните воени компании постојат во многу земји, но сегашниот тренд покажува дека нивниот број се зголемува, особено во конфликтните региони каде што бизнис компаниите имаат потреба од поголема заштита од онаа што може да им ја обезбеди државата. Генерално ПВК опфаќаат мали консултантски фирми и големи транснационални корпорации кои нудат логистичка поддршка или закупна борбени хеликоптери, борбени авиони, компании на командоси или баталјони. Некои од нив се добро познати корпорации како MPRI и Dyn Corp, а некои се дури и подружници на Fortune 500 компании, како  Halliburton, Dyn Corp Lockheed Martin и Raytheon. Голем број модерни ПВК се вистински воени претпријатија со униформирани воени редови, доктрина, тренинг програми, единица, дух, кохезија и дисциплина, но во поголем дел приватната воена индустрија е детерминирана од страна на помалите бизниси. Повеќето работат како „виртуелни компании" коишто не одржуваат постојани сили, туку од базите на податоци повлекуваат стручен кадар и специјализирани производувачи врз основа на договор. Сепак, ПВК се разликуваат од платеничките тимови во тоа што тие се најмени главно од страна на владите и корпорациите, наводно со цел да им обезбедат воени и безбедносни услуги. Од друга страна, недржавните вооружени групи, кои имат цел да го поткопаат уставниот поредок на државите, обично најмуваат платеници. ПВК обично регрутираат поранешни војници од националните вооружени сили на земјата во која се тие засновани. Некои фирми регрутираат од дома, додека други се вистински мултинационални бази од војници од сите страни на светот: „Гурките" од Непал, војници од одбранбените сили на стариот апартхејд во Јужна Африка , поранешни членови на Француската легија на странци, советски, варшавски и чилеански вооружени сили, паравоени сили од Фиџи и така натаму. Други, пак, се регрутирани за различни разузнавачки услуги, SWAT -тимови или организации за борба против дрога. Само неколку фирми регрутираат герилски и бунтовнички групи. Најценетите ПВК се платени од елитните специјални сили во светот: Американската единица од воената морнарица, „Делта" силите, специјалните сили од командоси и ренџери; Британската единица од Специјалната воздухопловна служба, Руската единица од тимот „Алфа" и специјалните сили на поранешното КГБ, или од SPETCNAZ на поранешната Црвена армија.
Некои ПВК  наплаќаат од 500 до 1500 долари на ден за нивните највешти оператори. Договорите се движат од 1 милион долари до 100 милиони долари или повеќе.  Бизнис-договорите во оваа индустрија често вклучуваат скриени бакшиши, несакани договори, „спин оф" приходи и секундарни договори што можат да ги зголемат официјалните суми до четири или, дури, и до пет пати.  Помеѓу 1994 и 2002 година, американското Министерство за одбрана склучи повеќе од 3200 договори во вредност од над 300 милијарди долари со 35 ПВК  со седиште во САД.  Истовремено со војната во Ирак, растот на договорите и резултатите за изведувачите се извонредни. Во 2003 година договорите на „Halliburton" со Пентагон се зголемиле од 900.000.000 долари на 3.900.000.000 долари, што е скок од речиси 700 проценти.

м-р Ксенија Митева





# Операција „Барбароса“: Нападот на нацистичка Германија врз Советскиот Сојуз



Под кодното име „Операција Барбароса“, нацистичка Германија на 22 јуни 1941 година,  без  да објавуви војна и без оглед на претходно склучениот Пакт за ненапаѓање, го нападнала Советскиот Сојуз, со што започнува најкрвавата фаза од Втората светска војна. Речиси четири милиони германски војници и нивните сојузници, брзо, масовно и молскавично ја нападнале борбената линија која се протегала помеѓу Балтичкото и Црното Море,  долга 1.600 километри, што е најдолгиот фронт во историјата

## Подготовки за нападот

Во текот на летото 1940 година, лидерот на нацистичка Германија, Адолф Хитлер, одлучил да го нападне Советскиот Сојуз. За таа цел, на 31 јули 1940 година, ја информирал највисоката команда на Вермахтот за неговата намера и го задолжил Генералштабот на Армијата да подготви предлог-оперативен план за спроведување на борбените операции. Планот му бил претставен на Хитлер на 4 август 1940 година. Врз основа на тој план, Хитлер, на 18 декември 1940 година, ја издал Директивата бр. 21, како генерален план на операцијата која била наречена „Барбароса“.

Планот предвидувал уништување на советските војски во пограничните области и брза окупација на европскиот дел на Советскиот Сојуз. Војната со СССР требало да заврши во 1941 година. Хитлер сметал дека ќе бидат доволни осум до десет недели за да се стави крај на војната со Советскиот Сојуз.  Поради периодите на дожд и кал во пролет и наесен и поради суровата зима што следела, најдобро време за напад бил периодот од средината на мај до средината на октомври. Токму затоа Хитлер издал наредба сите подготовки за операцијата да бидат завршени до 15 мај 1941 година. Одлуката на Хитлер за напад на Југославија, односно усогласување на операцијата „Марита“ (нападот на Грција) со планот за напад на Југославија, го одложила предвидениот напад на СССР за 38 дена.

Со германскиот напад на СССР, односно со отворањето на Источноевропскиот и на Советско-германскиот фронт, започнала нова фаза во која дошло до кулминација на воената ситуација во Европа и во светот. Судејќи по масовноста, употребената воена опрема и техника, како и според бројот на жртвите, борбените дејства во Источна Европа се најголемите во историјата на човештвото.

## Почетокот и текот на операцијата „Барбароса“

Нападот започнал во 3:15 часот, по полноќ, без да се објави војна и без оглед на претходно склучениот Пакт за ненапаѓање помеѓу Германија и СССР, познат и како пактот „Рибентроп-Молотов“, кој бил потпишан на 23 август 1939 година во Москва.

Речиси четири милиони германски војници и нивните сојузници, со поддршка на артилерија, авиони и

тенкови, ја нападнале советската армија на борбена линија која се протегала помеѓу Балтичкото и Црното Море, долга 1.600 километри, што е најдолгиот фронт во историјата. Германците го употребувале терминот „Линија А-А“, кој ја означувал линијата од градот Архангелск на север, до Астрахан на Каспиското Езеро, каде што германската армија требало да стигне за време на војната.



Според планот, германската армија била поделена во три армиски групи: „Север“, „Центар“ и „Југ“. Армиската група „Север“ била распоредена на фронт широк 230 километри. Нивната задача била да ги уништат советските трупи во Балтичкиот регион, да ги заземат поморските пристаништа и брзо да навлезат на северозапад, со цел да го спречат повлекувањето на советските трупи од Балтичкиот регион и притоа да создадат услови за понатамошно напредување кон Ленинград. Армиската група „Центар“ била распоредена на фронт широк 550 километри и имала задача да навлезе во правец Минск – Смоленск, да ги уништи советските сили во Белорусија и да создаде услови за освојување на Москва. Армиската група „Југ“ била распоредена на фронт долг 780 километри. Нејзината задача била да навлезе кон Киев и понатаму да продолжи на исток.

Нападот го затекнал тогашниот лидер на СССР, Јосиф Висарионович Сталин, целосно неподготвен Тој ги отфрлал сите предупредувања, верувајќи дека Хитлер нема да се осмели да ја нападне џиновската империја, односно нема да го прекрши Пактот за ненапаѓање. Ноќта, на 21 јуни, советското воено раководство добило веродостојни информации дека германската армија се приближува до границата и 30 минути по полноќ, на 22 јуни 1941 година, била издадена наредба до сите единици и до противвоздушната одбрана, да се доведат во состојба на целосна готовност. Бидејќи нападот започнал во 3:15 часот, тоа известување едноставно дошло предоцна.

Бројниот состав и вооружувањето на советските единици биле значително послаби од германските. Постојат различни процени за вкупниот број на вооружени единици на Советскиот Сојуз во 1941 година. Највисоката процена зборува за 9.000.000 војници, вклучувајќи ги и резервите, мобилизирани за време на војната. На 22 јуни 1941 година, половина од тие сили биле дел од Црвената армија, а околу 2.500.000 војници биле распоредени долж западните граници на Советскиот Сојуз.

Искористувајќи го ненадејниот напад, германските трупи веднаш постигнале големи успеси. Силите на нацистичка Германија за две недели ги окупирале балтичките републики Белорусија и Западна Украина, упатувајќи се пред портите на Одеса, Киев и Ленинград, при што поминале половина растојание помеѓу полската граница и Москва.

Од големо значење била и германската воздушна супериорност. На 22 јуни, до пладне, биле уништени околу 800 советски авиони (во споредба со уништените 10 до 20 германски). До крајот на тој ден, оваа бројка се искачила на 1.200, од кои 900 авиони биле уништени на земја. На 3 јули, Сталин, за првпат од почетокот на воените дејства, се обратил до нацијата, повикувајќи на „Голема патриотска војна против агресорите“.

Во текот на месец јули, интензитетот и обемот на борбите на сите фронтови нагло се зголемиле.

### Завршни операции

На почетокот на септември Хитлер ги издал првите наредби за подготовка на напад на Москва, што означува нова фаза во војната на Исток. Армиската група „Центар“ добила наредба да напредува кон Смоленск. Градот Смоленск бил мошне значајна геостратегиска точка, бидејќи се наоѓа на околу 400 километри од Москва и веќе неколкупати во претходните периоди од руската историја претставувал важна точка во одбраната на Москва. Во периодот од 10 септември до 10 октомври се водела битка на бојно поле долго 650 километри, а длабоко 250 километри. На 15 ноември 1941 година започнал нападот на Москва, а две недели подоцна, на 28 ноември, германските војници дошле на 35 километри од центарот на Москва. Следел контранапад на Црвената армија. Вермахтот немал информации дека сибирските трупи биле мобилизирани во областа на Москва, па генералниот контранапад на Црвената армија на 5 декември бил целосно изненадување. Рамнотежата на силите на почетокот на овој напад била 1:1 но, реално гледано, милион германски војници, уморни и замрзнати од шестмесечните битки, се бореле против милион одморени советски (сибирски) војници. Кога завршил победничкиот контранапад, германските трупи завршиле на минимум 100 километри од Москва, што довело до колапс на „Барбароса“ и до почеток на класична војна на фронтот.

м-р Игор Дамјаноски





# Перењето пари во еколошкиот криминал

Перењето пари и трговијата со еколошки криминал се две меѓусебно поврзани прашања кои се голем предизвик за глобалната безбедност. Еколошкиот криминал вклучува активности како што се нелегална сеча, трговија со диви животни, нелегален риболов и фрлање опасен отпад. Перењето пари, пак, е процес на прикривање на потеклото на нелегално стекнатите пари, така што тие изгледаат како да потекнуваат од легитимен извор. Криминалните организации користат перење пари за да избегнат откривање од страна на органите на прогонот и да ги интегрираат нивните нелегални приходи во легитимната економија. Еколошките злосторства најчесто се профитабилни, а профитот генериран од овие активности честопати се пере преку легитимни бизниси и финансиски институции. Криминалците ги мешаат профитите од недозволената сеча, рударството и шверцот на отпад на регуларните сметки на компаниите користејќи front-компании (компании кои работат со готовина, на пример бензински станици, кафетерии, ресторани и слично). Овие front-фирми честопати учествуваат во бројни трансакции со мали индивидуални профитни маржи во индустријата за животна средина. Ваквите front-фирми се разликуваат по софистицираност, и се во опсег од основни шеми со очигледни особености до софистицирани бизниси со големи правни активности, што го отежнува разликувањето помеѓу законска и недозволена активност во деловниот сектор. Криминалците повремено користат front-фирми и во други индустрии кои побаруваат пари надвор од индустријата за природни ресурси. Исто така, се појавуваат организирани и софистицирани практики на трговија со луѓе а незаконската сеча е нераскинливо поврзана со политичката стабилност и корупцијата. Така, на пример, два вида розово дрво кои се на работ на исчезнување може да се најдат во Мадагаскар. Во периодот помеѓу 2009 и 2020 година таму се нотирани 76 судски случаи во кои се инволвирани околу 160 милиони американски долари од незаконски пари. Многу банкарски трансфери, транзити на готовина од Мадагаскар до локацијата на продавачите и репатријацијата на девизи поврзани со приходи од извоз, се идентификувани од авторитетите на Мадагаскар како важни техники на плаќање за недозволена сеча. Притоа, криминалците често ги мешаат парите

од легални, комерцијални потфати, како што се увоз на основни предмети, експлоатација и извоз на рударски производи со нелегални приходи за да извршат перење пари. Во тој контекст, властите на Мадагаскар посочуват на индустријата на ванила, најголемиот извоз во земјата, како канал за перење од недозволена сеча. Тие го наведуват фактот дека во 2014 година луѓето купуваат големи количества ванила за да ги зголемат цените и за да ги сокријат незаконските добивки со законските приходи од ванила.



## Трговска измама

Измамата заснована на трговија, со цел да се сокрие трансферот на пари преку граница, е уште една карактеристика што е заедничка за сите еколошки криминали. Таа вклучува фалсификување документи, особено во однос на извозот и увозот на стоки и изготвување фактури и трговски операции за покривање на движењето на пари преку границите. Ова особено се однесува на еколошкиот криминал, како што е погрешното означување на опасното ѓубре или заштитеното дрво за да се скрие нивното вистинско значење. Тенденцијата за прекумерно или недоволно пријавување на транспортирани предмети и употребата на лажни спецификации се вообичаени елементи на трговската измама и активноста за перење пари во трговијата. Во контекст на темава ќе го разгледаме примерот на глобална криминална организација која се занимавала со трговија со нелегален отпад, даночна измама и перење пари која била откриена и уништена во Италија при даночен преглед. Имено, станува збор за бизнис со метални отпадоци што беше предмет на истражување на „Guardia di Finanza“, а притоа беа откриени  недоследности за потеклото на отпадот, во неговата документација и во сметките поврзани со него. Фабрикуваните фактури изнесуваат вкупно 68 милиони американски долари. Со лажирање измамнички комерцијални трансакции со други држави, приходите од криминалот биле префрлени во странство, а потоа вратени.

## Вклучување во финансискиот сектор

Сите приходи од криминалот во животната средина се „перат“ од криминалци кои го користат легалниот банкарски систем. Примери за ова се инкорпорирање на средства добиени преку жични (wire) трансфери на трета страна кои се претставуваат како плаќања за производи и услуги, инвестиции и спонзорства. Некои инвестиции се прават за бизниси со shell-компании (без или само со сопственик, чијашто сметка се користи само за пренос на пари), кои се легитимни, но не реализираат некоја голема економска активност, со што се прикрива вистинската сопственост. Така, на пример, со помош на операцијата „Diez Condores“, комбинирана истрага меѓу ФБИ и истражната полиција на Чиле успешно беше разоткриена транснационална криминална организација којашто оперира во Чиле ( кратенка во оригинал :TCO) , а која била вклучена во транспорт на нелегално злато. Куририте на TCO го



транспортирале златото од Чиле до САД со комерцијални авиони и го доставиле до „NTR Metals“ во Мајами, американска рафинерија, која потоа ги праќа пари назад во Чиле преку wire-трансфер како форма на плаќање за златото. На овој начин работодавците во „NTR Metals“ биле поттикнати да стекнат повеќе злато со користење на систем заснован на провизија. Но, откако истрагата откри дека 80 милиони американски долари пратки со злато биле транспортирани преку неколку shell-компании во август 2016 година, членовите на ТСО се приведени во Чиле .

## Инволвирање на shell-компании

Студиите на случај откриваат дека, покрај користењето на front-фирми, криминалците често ги користат shell-компаниите (компании без вработени) за да ги имитираат вистинските услуги и плаќања поврзани со секторот за дрво, рударство или отпад. Shell-компанија е компанија која постои само на хартија и нема физичка локација или персонал, но може да има банкарска сметка, да има пасивни инвестиции или да биде законски признат сопственик на средства како бродови или интелектуална сопственост. Еден ваков случај, на пример бил иницииран врз основа на извештај за сомнителна трансакција или STR во кој се детаљно се анализирани финансиските трансакции на бизнис, ангажиран во индустријата за отстранување на метали и отпад, но нема функционална организациона структура или каква било индикација за евидентирана економска активност, и истиот е искористен како основа на истрагата во Италија. Други недоследности кои биле утврдени се дека, претходните сопственици биле под истрага од јавен обвинител во 2015 година, дека акционерот платил значително помалку од пазарната вредност за компанијата и дека во компанијата немаат знаење и експертиза кои се потребни за истата таа компанија да работи во добро регулираните сектори. Истрагите откриваат изводи од сметки кои прикажуваат банкарски трансакции, објаснети како авансни плаќања на сметки од италијански компании. Овие компании се во истата индустрија која претходно е проверувана за даночно затајување, незаконско отстранување на отпад од метал и перење на криминалните придобивки на мафијата. Некои од овие бизниси биле под истрага од страна на јавен обвинител во Салерно за злосторничко здружување, и тоа во врска со извозот на ѓубре во земјите од Источна Азија. Истрагите откриваат голема мрежа на вистински поединци кои тргувале со капитални приливи на припејд-картички



и истите тие подигале готовина во која биле вклучени и вистинските сопственици на овие организации. Ова е откриено со набљудување на пголем број дебитни трансакции во пријавените изводи на големи сметки кои вклучуваат повлекување готовина и банкарски трансфери организирани во корист на странски организации. Вкупниот износ на регистрираното движење на готовина е околу 14,2 милиони американски долари. Перењето пари во трговијата со еколошки криминал има повеќе негативни влијанија, и тоа не само врз општеството туку и врз животната средина. Еколошките злосторства или кримал имаат значително влијание врз биодиверзитетот, природните ресурси и целокупното здравје на планетата. Ако се овозможи перење на приходите од овие активности, тогаш со самото перење пари се продолжува циклусот на деградација на животната средина и се поткопуваат напорите за промовирање на одржлив развој. Затоа, како заклучок, може да се каже дека врската помеѓу перењето пари и трговијата со еколошки злосторства/еколошки криминал ја нагласува потребата за сеопфатен и координиран глобален одговор во врска со оваа проблематика. Затоа овој одговор треба да вклучува мерки за зајакнување на спроведувањето на законот и на регулаторните рамки, подобрување на меѓународната соработка и промовирање на јавната свест и ангажман. На овој начин, и со решавање на еколошките злосторства, како и со детектирање на феноменот перење пари, ќе можеме ефикасно да се бориме против овие меѓусебно поврзани закани во поглед на глобалната безбедност и одржливост.

м-р Билјана Поповска

*(адаптирано од https://financialcrimeacademy.org/money-laundering-in-environmental-crimes)*



# Учество на вежбата „Saber Junction 24“ во СР Германија

Во периодот од 28.8. до 18.9.2024 година, припадници од Извидувачкиот вод од составот на 2. пешадиски баталјон (2.пб) и два тима за цивилно-воена соработка (ЦВС) од составот на 1. пешадиска бригада (1.пбр), учествуваа на меѓународната вежба „Saber Junction 24“ во СР Германија. Покрај припадниците на нашата армија, на меѓународната вежба учествуваа и припадници од останатите земји членки на НАТО. Вежбата имаше цел да ја унапреди синхронизацијата и координацијата на способностите за изведување на заеднички активности со останатите земји членки на НАТО. Како и досега, припадниците на 1. пбр со своето професионално и одговорно однесување придонесоа за афирмација и подобрување на угледот на Армијата во целост. За време на вежбата, за припадниците на Извидувачкиот вод, фокусот беше ставен на практично реализирање на задачи за изработка на набљудувачници, блиско извидување, изведување на препад и патролирање. Припадниците на Извидувачкиот вод уште еднаш го покажаа своето високо ниво на обученост и подготвеност за извршување на комплексни задачи и активности во реални услови. Успешното и прецизно извршување на доделените задачи беше забележано од страна на претпоставената команда на Инженерискиот баталјон од ВС на САД, во чиј состав беа потчинети. Притоа, за нивниот ангажманот, на припадниците на Извидувачкиот вод им беа доделени значки за најдобар вод.

Задачите за тимот за ЦВС, доделувани од страна на командантот на Инженерискиот баталјон, беа комплексни задачи и од доменот на психолошките операции, операции во цивилно-воената област и операции за односи со јавноста. Тимот за ЦВС, навремено, професионално и рамо до рамо со останатите тимови ги извршуваа доделените задачи на потребното ниво, според сценариото на вежбата. Тимот за ЦВС за првпат



учествуваше на меѓународна вежба, каде го покажа своето ниво на обученост и подготвеност за извршување на задачи од оваа област. За успешноста во извршувањето на доделените обрски и задачи за време на вежбата, тимовите за ЦВС беа наградени и пофалени, заедно со припадниците од Извидувачкиот вод.

# Прием и монтирање на далечински управувана вооружена станица

Во Вториот пешадиски баталјон (2. пб), изминатиот период беше извршен прием и монтирање на далечински управувана вооружена станица за лесните оклопни возила (ЛОВ). По реализирањето на обуката за нишанџии на ЛОВ, за првпат се реализираше гаѓање со митралезот 12,7мм, со употреба на станицата. На гаѓањето присуствуваше командантот на 1..пешадиска бригада (1.пбр), бригадниот генерал Дејан Чиплаковски, со старешини од командата и штабот на 1.пбр. Со употребата на далечински управуваната вооружена станица се постигна следниот крупен чекор од модернизацијата на Армијата и надградувањето на ЛОВ, кои се на употреба во 2.пб. Во следниот период овие активности ќе продолжат, сè до постигнување на висок степен на опременост на ЛОВ и достигнување на потребните НАТО стандарди.

Согласно постигнатите резултати, се потврди обученоста и професионализмот за ракување со станицата, како и одличната подготвеност на нишанџиите за обединување на сите елементи за гаѓање и употреба на новата техника.

ГЃ/ДЧ



# Обука во јазење

Припадниците од Водот за поддршка на летање од Командната чета (вПЛ/кч) од составот на Воздухопловниот ВИНГ (вВИНГ), во периодот од 12 до 18 септември реализираа обука во јазење во реонот на Демир Капија. Основната цел на обуката е оспособување на припадниците од вПЛ/кч за извршување задачи од мисијата за непознат и непристапен терен. Обуката ја спроведуваа сертифицирани инструктори од Баталјонот за специјални сили, во соработка со припадници од Единицата за брзо распоредување од Министерството за внатрешни работи. Се реализираа поголем број на теми од



основната и напредната алпинистика, како што се врзување на јазли, качување на карпа, спуштање по карпа, спуштање и качување со користење на алатки, изработка на сидришта, мостови, жичници и системи на извлекување на повредени од непристапен терен и нивно транспортирање до безбедна зона. Обиколка и контрола на обуката изврши началникот на штабот во Ввинг, заедно со припадници од штабот, коишто беа одговорни за реализација на обуката во вВИНГ. Планираните активности се реализираа успешно, со целосно почитување на мерките за безбедност. За персоналот од вПЛ/кч, ваквиот тип на обука е редовна активност, која се реализира во согласност со календарот за обука, со цел обновување на знаењата и постапките за беспрекорно извршување на задачите од мисијата на единицата.

Ј.И/И.М



# 17 Септември – Ден на Вториот пе







# шадиски баталјон



Во касарната „Јане Сандански“ – Штип, со воена свеченост припадниците од 2. пешадиски баталјон (2.пб) од составот на 1. пешадиска бригада (1.пбр), го одбележаа Денот на единицата, 17 Септември, денот кога е формирана 14. Младинско-македонска народноослободителна ударна бригада во селото Митрашинци, Беровско. По повод одбележувањето на Денот на единицата, делегации од претпоставената команда, единицата и членови на семејствата на загинатите припадници положија свежо цвеќе пред спомен-обележјето „Македонија“ на влезот од касарната. На свеченоста присуствуваа: командантот на Командата за операции, бригадниот генерал Бесник Емини, командантот на 1.пбр, бригаден генерал Дејан Чиплаковски, поранешни команданти и припадници на единицата, претставници од локалната самоуправа, раководители на јавни институции и останати гости. Свое обраќање пред стројот имаше командантот на 2.пб, потполковник Зоран Сумрачки, кој се осврна на историскиот пат на 14. Младинско-македонска народноослободителна ударна бригада и на предизвиците со кои единицата успешно се справуваше изминатиов период. Командантот на 1.пбр, бригадниот генерал Дејан Чиплаковски, во своето обраќање рече: „Ви го честитам Денот на единицата и ви оддавам признание за сето она што оваа единица го постигна изминатиов период при извршување на задачите и мисиите надвор од земјата, заедно со останатите партнери и членки на НАТО и затоа не се сомневам дека така и ќе продолжите и во наредниот период – како единица која е прва во Армијата со исполнети норми и стандарди, кои се потребни за извршување на задачите во согласност со НАТО стандардите“. По повод Денот на единицата, за најдобар вод беше прогласен Вториот вод од Првата пешадиска чета, на кој му беше врачен пехар и знаме за најдобра единица, беа прочитани и стимулативни мерки, а благодарници им беа доделени на институциите со кои единицата имаше успешна соработка при извршувањето на работните обврски и задачи.

ГЃ/ДЧ

# Морнарички ловец-бомбардер на САД, „F/A-18E Super Hornet“

„F/A-18E Super Hornet“ е современ моќен повеќенаменски борбена авион кој може да се користи во сите временски услови, и преку ден и преку ноќ, за изведување на следните мисии: како ловец, за стратегиско дејство длабоко во непријателската позадина, за блиска воздушна поддршка, за дејство врз ПВО-системи и електронско војување, за противбродско дејство, за извидување и како мини-танкер за дополнување на други летала со гориво во лет. Леталото „F/A-18E“ е двомоторен млазен борбен авион со класична конструкција.  Леталото поседува два вертикално поставени стабилизатори при крајот на конструкцијата. Во основа„ F/A-18E“, е проектиран како палубен ловец-бомбардер, наменет за стационирање на брод-носач на авион. За да може да се употребува од носач на авиони, леталото поседува зајакната конструкција, зајакнат стоен трап, крилата му се прекршуваат за полесно стационирање во бродскиот хангар, на долниот краен дел од конструкцијата е поставена кука за сопирање/ кочење на бродската палуба (писта) и кокпитот му е со одлична видливост. Карактеристично за конструкцијата на леталото се и големите ,,стрејкови”, познати и како LEX-површини (Leading Edge Extension/ издолжена нападна ивица), поставени од левата и од десната страна на конструкцијата, односно тоа се издолжувања на коренот на водечката ивица помеѓу крилата и трупот, а се наменети за намалување на оптоварувањето на крилата. Во носот на леталото е вграден современиот повеќенаменски радар „AESA AN/APG-79“, кој поседува фазирана решетка со активно скенирање. Од горната десна страна на носот е поставен приклучок на склопување за дополнување со гориво на леталото во лет. Кокпитот од леталото е опремен со широкоаголен нишански HUD, контролната табла поседува 5 дисплеи, од кои два се монохром прикажувачки дисплеи, еден голем дисплеј за прикажување, еден контролен дисплеј што е чувствителен на допир и еден дисплеј за прикажување на параметрите на моторите и горивото. За управување во кокпитот за пилотот се вградени HOTAS-команди кои се поврзани со дигитални FBW-команди. За потребите на пилотот е обезбеден современ пилотски шлем JHMCS со вграден нишански систем, а за изведување ноќни мисии пилотот може да се опреми и со ноќен визир. Инаку, пилотот седи на катапулт-седиште „Martin-Baker NACES 0-0“. За комуникација во леталото е вграден системот „MIDS Link-16“, а за навигација користи GPS-сателитски навигациски систем. За самоодбрана во леталото е вграден систем за електронско војување и заштита AN/ALQ-124 IDECM, во кој се вклучени диспензерот за контрамерки „ALE-47“, сензорот за детекција од радарска озраченост „AN/ALR-67 (V)3“, влечниот мамец „ALE-50/55“, но и друга опрема. Како погон во леталото се вградени два млазни мотори „F414-GE-400“, секој со моќност од 62.31 kN, а со вклучена форсажа 97.92 kN.

„F/A-18E“ поседува вкупно 11 носачи за оружје, од кои 3 се поставени на трупот и по 4 се поставени на секое крило. На овие носачи леталото може да понесе оружје со тежина од 8.050 kg. Во носот на леталото е вграден еден автоматски топ „M61 A2 Vulcan“, со калибар од 20 mm, во чиј барабан за муниција се сместени 570 гранати. Пилотот може да избира брзината на стреба од топот да изнесува 4.000 или 6.000 гранати во минута. За дејства врз леталата, „F/A-18E“ ги носи ракетите со краток дострел „Sidewinder AIM-9M и AIM-9X“, и ракетата со среден дострел и „AIM-120 AMRAAM“ (верзии A/B/C). Од наведувани ракети за дејство по копнени цели, леталото може да ги користи: „AGM-65 Maverick“, „AGM-84 SLAM/ SLAM ER“, „AGM-158 JASSM“, антирадарската ракета „AGM-88 HARM“, додека за дејство врз бродови ја користи ракетата „AGM-84 HARPOON“. Од наведувани бомби, леталото може да ги користи ласерски наведуваните бомби „GBU-10/ 12/ 15/ 24 Paveway II“ и сателитски наведуваните бомби „GBU-29/ 30/ 31/ 35 JDAM“ и „AGM-154 JSOW“, додека од ненаведувани оружја може да користи ненаведувани ракети со различен калибар, касетните бомби „CBU-59/ 72“, гравитационите бомби „Mk82/ 83/ 84/ 86“ и „BDU-48“, но и морнаричките мини „Mk-62/63/65“. Освен оружје, на носачите можат да се поставаат подвесни резервоари за гориво со капацитет од 1.250 и 1.850 литри, A/A42R-1-контејнер со приклучок за дополнување со гориво на други авини во лет, извидувачкиот контејнер „SHARP“, нишанскиот контејнер „AN/ASQ-228 ATFLIR“ или „AN/AAQ-28(V) Litening“, мамки „ADM-141 TALD“ и друго. Врз основа на едноседната верзија „F/A-18E“ е развиена двоседата верзија „F/A-18F“, од која подоцна е развиена специјализираната верзија за електронско војување „EA-18G Growler“. Корисници на верзиите „F/A-18E/F“ се Воената морнарица на САД, на Австралија и на Кувајт.



## Објаснување на пресек-сликата

### Пресек-слика на „F/A-18 E“:

**1.** AESA-радар „AN/APG-79“ со неговиот електронски модул
**2.** Автоматски топ „M61 A2 Vulcan“ со калибар од 20 mm
**3.** IFF-антена (за детектирање на пријателско/непријателско летало)
**4.** Систем за нишанење за пилотот (HUD)
**5.** Катапулт-седиште „Martin-Baker NACES 0-0“
**6.** Резервоар за гориво во трупот
**7.** Позиција за ,,прекршување” на крилото
**8.** Резервоар за гориво во крилото
**9.** Елерон
**10.** Антена за VHF/ UHF/ L-бранова должина
**11.** Флапс




**12.** Вертикален стабилизатор
**13.** Управувачко кормило по правец
**14.** Резервоар за гориво со вертикален стабилизатор
**15.** Погон „F414-GE-400“
**16.** Управувачко кормило (крилце) по височина
**17.** Рам-конструкција на крилото
**18.** Носач на оружје со противавионска ракета „AIM-9 Sidewinder“
**19.** Противавионска ракета „AIM-120 AMRAAM“
**20.** Заден стоен трап
**21.** Антирадарска ракета „AGM-88 HARM“
**22.** Гравитациони бомби
**23.** Вшмукувач за воздух за погонот
**24.** Подвесен резервоар за гориво
**25.** LEX-површина
**26.** Преден стоен трап

| Тактичко- технички карактеристики на „F/A-18E Super Hornet“ | |
|---|---|
| **Екипаж** | 1 (пилот) |
| **Должина** | 18.38 m |
| **Височина** | 4.88 m |
| **Распон на крилата** | 13.62 m |
| **Распон на крилата во склопена состојба** | 9.33 m |
| **Површина на крилата** | 46.45 m² |
| **Тежина, празен** | 14.552 kg |
| **Максимална тежина** | 29.937 kg |
| **Погон** | 2 млазни мотори F414-GE-400, секој со моќност од 62.31 kN, а со форсажа 97.92 kN |
| **Максимална брзина** | 1.915 km/h |
| **Плафон на лет** | 15.240 m |
| **Капацитет на гориво** | 6.559 kg |
| **Долет со внатрешно гориво** | 2.346 km (со две ракети AIM-9) |
| **Максимална носивост** | 8.050 kg |
| **Оптоварување на конструкцијата** | +7.6 G |



# Авион „Embraer EMB 314 Super Tucano“

Авионот „Embraer EMB 314 Super Tucano“ (исто така може да се најде и под називите „ALX“ или „A-29“) е бразилски воздухоплов, лесен во својата категорија и првенствено наменет за реализација на мисии за: напад на противникот, операции за борба против бунтовниците, извидување и пресретнување, внатрешна безбедност, гранична патрола и мисии за борба против трговијата со наркотици.

„Авионот „Embraer EMB 314 Super Tucano“ носи широк спектар на вооружување, вклучително и муниција со прецизно наведување, а авионот може да оперира во средини со ниска закана. Овој воздухоплов е дизајниран и изграден од компанијата „Embraer“, а покрај неговото производство во Бразил, во соработка со „Sierra Nevada Corporation“, компанијата поставила производствена линија во Соединетите Американски Држави за производство на варијантата „A-29“. Во средината на 1980-тите, „Embraer“ работи на моделот „Short Tucano“, кој како прототип за прв пат полетал во 1986 година. Овој проект бил отфрлен бидејќи бразилските воздухопловни сили не биле заинтересирани за него. Од друга страна, научените лекции за борбената употреба на авионите во Перу и во Венецуела и дале право на компанијата да продолжи со студиите.

Компанијата „Embraer“ развила напреден систем за обука и поддршка, наречен Систем за оперативна поддршка на обуката. Станува збор за интегрирана компјутерска алатка, составена од четири потсистеми: обука базирана на компјутер, што му овозможува на пилотот да го вежба летот на компјутерска симулација, станица за планирање на воздухопловна мисија која користи тридимензионални визуелни слики за вежбање на планираните мисии, станица за брифинг на мисијата која користи вистински податоци со репродукција на мисиите за преглед и анализа, како и симулатор за летање. Со над 260 единици испорачани ширум светот, со овој авион биле реализирани повеќе од 500.000 часови налет, од кои околу 60.000 борбен налет. Воздухопловот е продаден во повеќе од 16 воздухопловни сили ширум светот, вклучувајќи ги и американските воздухопловни сили. Договорите за купување вклучуваат авиони, логистичка поддршка, резервни делови и обука. Новата верзија на авионот за членките на НАТО вклучува напредни карактеристики, што дополнително ги зголемува неговите можности за проширување на испораките. Авионот обезбедува ниски оперативни трошоци и трошоци за одржување, како и способност да оперира на оддалечени бази и неасфалтирани писти со минимална поддршка од копно.

## Развој и карактеристики

Барањето авион од полесна категорија е дел од проектот на бразилската влада за надзорен систем „Амазон“. Било предвидено авионот да лета во мисии со авионите „Р-99“, кои тогаш биле во служба, да се користи за пресретнување на нелегални летови на авиони, како и за патролирање на границите на Бразил. Проектот, кој бил креиран од бразилските воздухопловни сили бил наменет за нов авион, поволен за регионот на Амазон (летови во услови на висока температура, влага и врнежи, со ниска воена закана, способен да лета и ноќе и и дење, во какви било метеоролошки услови, со можност за слетување на кратки аеродроми на кои нема инфраструктура). Во август 1995 година, Министерството за аеронаутика, за потребите на бразилските воздухопловни сили направил договор од 50 милиони долари со компанијата „Embraer“ за развој на „Super Tucano“. Вкупните трошоци за развој на авионот се движеле помеѓу 200 и 300 милиони американски долари. Авионот „Embraer Super Tucano“ се разликува од основните верзии на авионот „Tucano“ во неколку аспекти. Се напојува со помоќен мотор, има зајакната воздушна рамка за одржување на поголеми г-оптоварувања и со зголемен работен век од 8.000–12.000 часа во оперативни средини. Дополнително, вградена е засилена опрема за слетување, зајакната конструкција која може да се справи со поголеми тежини при полетувањето поради поголемиот капацитет за вооружување. Во авионот е вградена оклопна заштита од кевлар, два внатрешни митралези монтирани на крилото со калибар од 12.7 мм и со брзина од 1100 куршуми во минута. Располага со капацитет за носење разновидни убојни средства на пет тврди точки за вооружување, вклучително и бомби, ракети „воздух-воздух“, касетни бомби и максимално надворешно оптоварување од 1500 килограми. Капацитетот на горивото му овозможува летање од 6 часа и 30 минути. Максималната брзината на авионот е 593 км/ч, а брзината на крстарење 530 км/ч. Долетот и максималната височина на летање на „Super Tucano“ се 4.820 км и 10.670 метри, соодветно. Авионот тежи 3020 килограми, а максималната тежина при полетување е 5200 килограми. Структурата на авионот е заштитена од корозија, а стаклото е способно да издржи удар од птица до 500 км/час.

## Соработка со други компании

Внатрешноста на инструменталната кабина се состои од дисплеи, компатибилни со очила за ноќно гледање и со контроли HOTAS (Hands On Throttle-And-Stick). Во 1996 година „Embraer“ ја избира израелската фирма „Elbit Systems“ за снабдување



на авионите „ALX“ за поддршка во релизацијата на мисиите (главен компјутер, повеќефункционални „head-up“ дисплеи и системи за навигација и управување). Инсталиран е систем за генерирање кислород од компанијата „Northrop Grumman“. Системот за термичка слика SAFIRE, испорачан од „FLIR Systems“, е за таргетирање, навигација и следење цели, кој му овозможува на авионот да извршува ноќни мисии за набљудување и напад. Во октомври 2010 година, „Super Tucano A-29B“ ја поминал границата од 48.000 часа на целосни тестови за структурен замор на трупот и на крилата, спроведени во период од 5 години од Одделот за воздухопловни системи, дел од Институтот за аеронаутика и вселена. Тестовите вклучувале комплексен систем на хидраулика и останата опрема која врши притисок врз структурата на авионот, симулирајќи го воздушниот притисок од летање на различни височини.

Симулацијата продолжила уште една година за да се заврши тестот за замор на моторот и студиите за ширење на пукнатини. Во текот на 2012 година компанијата „Boeing Defense, Space & Security“ била избрана да го интегрира вооружувањето во „Super Tucano“, а наредната година, „Embraer Defense and Security“ открила дека нејзината подружница развива нов радар за „Super Tucano“, со можност да лоцира копнени цели помали од автомобил со дигитална прецизност. Во април 2023 година, производителот го објави моделот„ А-29Н“, варијанта наменета за членките на НАТО. Се карактеризира со напредна платформа за обука и со опрема за исполнување на оперативните барања на НАТО, како и за реализација на мисиите на Алијансата. Достапните симулатори, кои што се користат за обука, ќе инкорпорираат виртуелна и проширена реалност.

Драган Павловски





# „JLTV A2“ – заедничко лесно тактичко возило од следната генерација

Заедничкото лесно тактичко возило од следната генерација „A2“ (JLTV A2) е дизајнирано да одговори на барањата за широк спектар на воени операции. Возилото е развиено од страна на компанијата „AM General“ како решение за воена мобилност. Возилото „JLTV A2“ е достапно во различни варијанти, вклучувајќи ги притоа и возилото за општа намена (GP – General Purpos), корисното возило „Utility Vehicle“, носачот на тешко вооружување HGC – Heavy Gun Carrier, приколка и возило за влечење. Возилото „JLTV A2“, слично како и варијантата „JLTV A1“, може да се транспортира со хеликоптерите „CH-47“ и „CH-53“, со транспортни авиони, како и со амфибиски транспортери. Во јуни 2024 година, компанијата „AM General“ објави дека новата варијанта „JLTV A2 Utility“, за првпат била изложена на настанот „Eurosatory 2024“ во Париз, Франција.

„JLTV A2“, произведено во компанијата „AM General“, е тактичко возило направено со цел беспрекорно да се интегрира со модерните мрежи на бојното поле

### Дизајн и карактеристики на заедничко лесно тактичко возило „A2“

„AM General“ ја комбинираше својата експертиза за лесни тактички возила (LTV) со напредни производствени процеси за да го дизајнира „JLTV A2“, кое има технички надградби, создадени за да се задоволат низа потреби на мисијата. „JLTV A2“ има седишта за две и за четири лица, заштита од експлозија и е опремено со автоматски систем за гасење пожар. Основниот комплет за интеграција е дизајниран да ја максимизира ефикасноста на пакувањето, создавајќи дополнителен товарен простор за основната опрема за мисијата. Редизајнираната внатрешност и надворешност ја зголемуваат употребливоста, додека реконфигурацијата на правците на електричниот појас и линиите за гориво ја подобруваат достапноста и ефикасноста на одржувањето. За да се решат проблемите со корозија, идентификувани во претходните возила „A1“, новата варијанта „JLTV A2“ вклучува подобрена заштита од корозија за клучните автомобилски системи. Оваа мерка помага да се избегнат пукнатини и кршење во критичните структурни области, зголемувајќи ја севкупната сигурност. Новиот систем за заштита го надминува 30-годишниот стандард за отпорност на корозија. Идните достигнувања за платформата ќе имаат рационализиран кориснички интерфејс и врвен софтвер, дизајниран да ги приспособи претстојните подобрувања, надградби и интеграции.

## Погон на заедничкото лесно тактичко возило „А2“

Една од разликите со претходната варијаната е погонот. Возилото „JLTV A2“ е опремено со „MY 2024 L5P Duramax“, турбо дизел-мотор, поврзан со шестстепен автоматски менувач „Allison 2500SP“. Исто така, располага со надграден модул за контрола на моторот, односно истиот модел што се наоѓа во комерцијалните тешки товарни возила – камиони. Предниот дел од погонот за додатоци е редизајниран за да го подобри работниот век на ременот. „JLTV A2“ има ажурирано кодирање на менувачот, што го подобрува менувањето на брзините и ја максимизира ефикасноста на горивото.

Систем за суспензија на заедничкото лесно тактичко возило „А2“

Уште една подобрена карактеристика е и независниот систем за суспензија 4×4 на возилото „JLTV A2“, што обезбедува оптимални перформанси при движење надвор од патот, подобрено забрзување и подобра брзина на наклони. Неговата приспособлива височинска суспензија му овозможува да се вклопи на поморските претпозициони бродови/амфибиски бродови.

## Систем на батерии

Возилото е опремено со една литиум-јонска батерија, заменувајќи ги двете поголеми и потешки оловно-киселински батерии што се користат во платформата на „А1“. Новиот батериски систем е интегриран во напредна електрична архитектура, која ја поставува основата за идна хибридизација на возилата. Возилото има и напредна единица за дистрибуција на енергија, дизајнирана да ги оптимизира и регулира електричните оптоварувања на системот.

## Варијанти

Варијантата „JLTV A2 GP“ е основно возило со четири седишта, додека варијантата корисно возило, „Utility Vehicle“, е транспортер на товар со две седишта или носач на транспорт со засолниште – shelter carrier.

Варијантата „JLTV A2 Utility“ е опремена со далечински управувана вооружена станица „deFNder medium“ од компанијата „FN Firearms“, снабдувач на огнено оружје за воени клиенти. Вооружената станица е дизајнирана за самоодбрана, за пешадиска огнена поддршка и за борбени мисии со долг дострел.

Варијантата „HGC“ нуди простор за сместување на четири лица. Има нишанџија во куполата и сместува стандардно оружје за послужување на екипажот, опремено со комплет за заштита на нишанџијата.

Варијантата на приколката „JLTV-T“ има челична палуба со алуминиумски странични ѕидови и задна врата кои можат да се отстранат. Оваа варијанта има носивост од 2300 kg.

Варијантата на носач на оружје за блиска борба (tow close combat weapons carrier) сместува четворица членови на екипажот. Има нишанџија на куполата и поддржува противтенковско и противоклопно тешко оружје со комплет за заштита на нишанџијата.







## Нарачки за „JLTV A2“

Армијата на САД направи договор со компанијата „AM General“ во февруари 2023 година за производство и испорака на лесни тактички возила од следната генерација „JLTV A2“. Овој договор е вреден повеќе од 8,66 милијарди американски долари, што е во рамките на програмата на Армијата на САД за заедничко лесно тактичко возило за американскиот маринци , „JLTV“. Според договорот, компанијата ќе произведе околу 20.682 JLTV-возила и 9.883 приколки. Договорот вклучува и интеграција на технолошки подобрувања за испорака до вооружените сили на САД. Во март 2023 година, „Allison Transmission“, давател на погонски решенија, доби договор за снабдување на преносот „Allison 2500 Specialty Series“ (SP) за „JLTV A2“. Компанијата „Plasan North America PNA“, провајдер на напредни решенија за опстанок, беше избрана од „AM General“ за подизведувач на програмата„ JLTV A2“ во јули 2023 година. Поддоговорот е за пет години и е вреден 300 милиони долари, а се однесува на поткомпонентите на оклопната кабина. Компанијата „Oshkosh Defense“ го доби првичниот договор за снабдување на своите JLTV-возила за програмата. Но, во 2023 година, по извршената евалуација и реализираниот натпревар од страна на Армијата на САД, победи компанијата „AM General“, така што таа ии го доби договорот.

Оператор на лесните тактички возила од моделот „А2“ се Армијата на САД и маринците на САД. Но, слично како и со моделот „А1“ се очекува после FMS -програмата да биде извршена набавка за останатите земји кои се стратешки партнери на САД.

Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, за потребите на Армијата склучи договор на принципот „Влада со влада“, за набавка на одреден број возила од моделот „JLTV A1“, така што се испорачани околу 30 возила кои веќе се во оперативна употреба во нашата армија.

Идриз Идризоски




# „Focke-Wulf Fw 200 Condor“

Уште во 1930-тите години, полека но сигурно Германија активно се подготвувала за војна. Покрај насочувањето на економскиот развој во насока на одбранбената индустрија, тајно, германските воени експерти разгледувале најразлични можности за инкорпорирање на цивилниот сектор, односно за приспособување на одредени средства: возила, бродови и воздухоплови за служба во вооружените сили на Германија

Во текот на 1930-тите години Германија работела тајно во рамките на воената индустрија, бидејќи била под санкции поради последиците од Првата светска војна. Тие санкции подразбирале ограничување на производството на воена техника, а нејзиниот карктер и број биле строго надгледувани, главно од западните сојузници. Но, гермнаското воено и политичко раководство успеало мошно умешно и вешто да ги избегне или, подобро кажано, да ги изманипулира на наведените санкции. Тоа значело тестирање, односно претворање на многу воздухоплови кои биле од цивилен карктер, за служба во военото воздухоплвство на Германија. Процесот придонел кон креирање на многу славни и познати борбени инструменти и возила од различен карактер. Еден од најдобрите бил воздухопловот „Фоке вулф 200“, именуван според птицата кондор која лета на големи висини. Името на авионот било соодветно на неговата конвертирана улога која, впрочем, Германците ја ажурирале со ново ниво на иновативност – поморско извидување. Во раниот период на Втората светска војна, поморското извидување било од круцијален карактер во битката за Атлантикот. Прибавувањето точни и навремени информации за движењето на непријателските бродови, како и нивно уништување, било неопходно, со цел да се сопре снабдувањето на Велика Британија со есенцијални ресурси кои го овозможувале нејзиното опстојување. „Кондорот“ бил една од главните нишки за организирање на заемен координиран удар на сојузничките бродови, заедно со гермнаските подморници познати како У-бродови.

## Дизајн

Оригиналната и првобитната улога на „Кондорот“ била окарактеризирана како цивилен, патнички авион за долги релации. „Кондор“ бил резултат на идејата на главниот дизајнер на

воено воздухоплвоната компанија „Фоке вулф“, Курт Тенк, идеја која му ја претставил на Рудолф Штусел кој, пак, работел во германската цивилна аерокомпанија „Луфтханза“. Идејата на Курт Тенк подразбирала изработка на воздухоплов, способен за комерцијални летови преку Атлантскиот Океан, од Европа до Соединетите Американски Држави. Тогашните тенденции за такви долги релации се основале на употреба од хидроавиони. Концептот за употребна на воздухоплов кој слетува и полетува од копно на такви долги релации бил нов и претставувал иновација за тогашните трендови. Имено, идејата се родила пред почетокот на Втората светска војна. „Кондор“ бил дизајниран да лета на максимална висина од 3000 метри, без компресирана кабина. Тогашните постоечки најсовремени трансатлантски комерцијални воздухоплови биле дизајнирани да летаат под висина од 1500 метри. Ова било делумно овозможено благодарение на некарактеристично долгите крила на „Кондор“ кои, исто така придонеле кон причината за именувањето на воздухопловот како една од птиците со најдолги крила, птицата кондор. На 27 јули 1937 година, првиот прототип на воздухопловот „Кондор“ го забележал својот прв лет. Авионот бил изработен од целосно метална конструкција, придвижуван од четири американски „ѕвезда“ мотори „Прат и Витни Корнет“, кои развивале 875 коњски сили поединачно. Дизајнот на авионот овозможувал капацитет за транспорт на 26 патници на максимална релација од 3000 километри. Понатамошниот развој на воздухопловот придонел и за појавата на два дополнителни прототипови, но со германски мотори, „БМВ 132 Г-1“ кои развивале 720 коњски сили. Целиот овој временски процес на развој на воздухопловот се одвивал и во период на почетокот на Втората светска војна. Имено, по молскавичниот поход на Јапонија во Индокина и на Јужните Пацифички Острови во раните 1940-ти години, јапонското воено и политичко раководство било во потрага по воздухоплов со улога на поморски извидувач, способен за лет на многу долги релации. Склучениот сојуз помеѓу Јапонија и Германија, овозможувал и военотехничка соработка, како и размена на научници, дизајнери и експерти во сферата на одбранбената индустрија. Јапонските експерти, набргу потоа го забележале потенцијалот на „Кондор“ кој ја задоволил нивната потрага по воздухоплов во улога на поморски извидувач, способен за лет на многу долги релации. За таа цел Курт Тенк изработил дизајн именуван како „Фоке вулф 200 В10 Кондор“, кој бил конвертиран од цивилен во воен



воздухоплов, со прикачени носачи на бомби и дизајнирани лежишта за одбранбени митралези. Ова откритие ги стимулирало германските експерти да се втурнат во разгледувањето на опциите за конвертирање на „Кондор“ во служба на германското воено воздухоплвство. Со почетокот на Втората светска војна, сите воздухоплови „Кондор“ биле задржани во Германија за потребите на германското воено воздухопловство. Варијантата „В10“ била основа за развој на сите понатамошни варијанти за потребите на германското воено воздухопловство. Со конвертирањето во борбен воздухоплов, „Кондор“ бил редизајниран во неколку аспекти. На крилата на авионот биле прикачени надворешни носачи на бомби и експлозиви, централната воздушна конструкција била засилена и продолжена, со цел да се создаде поголем простор во авионот. Биле вградени и „отворени“ неколку позиции на митралези и бил дизајниран внатрешен простор за складирање на дополнителни бомби, лоцирани на централната воздушна конструкција. Најчесто овој простор се користел и за дополнителни резервоари за гориво, кои овозможувале уште поголем оперативен дострел на авионот. Со воениот развој на авионот, подоцнежните модели биле опремени и со АСВ-радар „ФуГ 200“. Тие модели, исто така биле способни за опремување и лансирање на водениот проектил „Хеншел Хш 293“ кои, пак, бил наведуван со помош на друга радарска опрема „ФуГ 203 КЕХЛ“ која била исто така вградена во авионот. Сите овие способности претставувале иновативност во воено воздухоплвоната доктрина за употреба на водени проектили лансирани од авион способен за летачки релации со голем опертивен опсег. Начинот на





| Главни карактеристики на „Фоке вулф 200 Кондор Ц-3” | |
|---|---|
| **Посада** | 5 |
| **Должина** | 23,45 метри |
| **Распон на крилата** | 32,85 метри |
| **Висина** | 6,3 метри |
| **Мотор** | Мотори со четири „ѕвезди“; „Брамо 323 Р-2“ со девет цилиндри, ладени на воздух, со способност за развивање на 1085 коњски сили поединечно |
| **Максимална брзина** | 380 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 3560 километри |
| **Максимална висина на летање** | 6000 метри |
| **Вооружување** | Еден митралез „МГ 15“ со калибар од 7.92 милиметри, лоциран во носниот дел на авионот;<br>Еден митралез „МГ 131“ со калибар од 13 милиметри, лоциран во носниот дел на авионот;<br>Еден топ „МГ 151“ со калибар од 20 милиметри, лоциран во носниот дел на авионот;<br>Еден митралез со калибар од 7.92 милиметри, лоциран во задниот дел, позади пилотската кабина од централната воздушна конструкција;<br>Два митралези „МГ 15“ со калибар од 7,92 милиметри, лоцирани на странични позиции на централната воздушна конструкција;<br>Способност за носивост од 1000 килограми бомби и експлозиви во внатрешноста на авионот или 5400 килограми на бомби и експлозиви, прикачени на четири носачи лоцирани на крилата на авнионот. |

инкорпорирањето на овие иновации биле камен-темелник за идниот развој на употребата на возухоплови со голем оперативен дострел, опремени со софистицирана радарска опрема и способни за лансирање на водени проектили. Но, покрај овие способности, „Кондор“ имал и значителна улога во исполнувањето на конвенционалните оперативни дејности. Тој имал носивост на бомби и морнарички мини со максимална тежина од 1000 килограми. Се шпекулирало дека помеѓу месец јуни 1940 година и месец февруари 1941 година, воздухопловите „Кондор“ потопиле бродови и военопоморски товар во висина од 331,122 тони. Тоа се должело на напади изведени од многу мала висина со помош на три бомби. Одличните перформанси на „Кондор“ придонеле и кон изборот на Адолф Хитлер за личен трансопртен воздухоплов.

## Варијанти

„Фоке вулф 200 Кондор“ бил произведен во многу варијанти и имал транспортна улога, покрај улогата на поморски извидувач. Неговоите карактеристики биле и теренски модифицирани. Подолу ќе наведеме варијанти кои биле најупотребувани и кои оствариле најголем ефект на воеността поле.

**„Фоке вулф 200 Ц-1“**
Оваа варијанта била прва и основна воена варијанта која влегла во сериско производство. Авионот бил придвижуван од мотори „БМВ 132Х“ и имал способност за носивост од две бомби со тежина од по 250 килограми.

**„Фоке вулф 200 Ц-3“**
Оваа варијанта забележала модификација во вооружувањето, лоцирано во носниот дел од централната воздушна конструкција на авионот, со цел вградување на бомбардерскиот нишан „Лефте 7Д“, кој значително ја зголемил прецизноста на авионот.

**„Фоке вулф 200 Ц-4“**
Оваа варијанта имала радарска опрема „ФуГ Росток“ и била способна за пребарување. Исо така поседувала и нова софистицирана радарска опрема за пребарување „ФуГ 200“.

**„Фоке вулф 200 Ц-6“**
Оваа варијанта била опремена со опрема за водени проектили и за контрола „ФуГ 203б“ била способна да носи два водени проектили „Хеншел Хш 203“, кои биле употребувани најчесто за противбродски оперативни дејства.

Димитар Даневски



# Моќта на „тактичката дремка“

Концептот на „тактичка дремка“ се заснова на тоа дека, дури и краток период на одмор може да ја подобри когнитивната функција, донесувањето одлуки и времето на реакција, кои се критични во тактички ситуации под висок притисок.
И покрај тоа што „тактичките дремки“ се развиени за борба и војување, овој метод на одмор е исто толку корисен и ефикасен и за секојдневниот „нормален“ живот. Доволното спиење секогаш е неопходно за оптимални перформанси и функционирање. Но, војниците знаат дека целосниот сон не е секогаш опција. На пример, за време на распоредувањето, многу работи придонесуваат за спиењето да биде предизвик, вклучувајќи борбени операции, долги работни денови или 24-часовна стража. Војниците кои се распоредени можат да бидат вознемирени, загрижени за сопствената безбедност или да им недостасува домот. И тие може да се соочат со непријатни услови за спиење и со невообичаени циклуси на спиење и будење.
Спиењето е ранлива состојба, а во оперативните средини има многу фактори кои можат да го отежнат започнувањето или одржувањето на спиењето.
Претходни трауматски настани или благи

„Тактичка дремка“ е краток, ефикасен период на спиење, дизајниран да ги максимизира менталните и физичките перформанси во средини со висок стрес. Се користи за време на долги мисии или при операции каде стандардните распореди за спиење се непрактични или невозможни

трауматски повреди на мозокот, исто така можат да доведат до дополнителни проблеми со спиењето. Како резултат на тоа, правилното спиење е луксуз што многу војници можеби секогаш не можат да си го дозволат. Во просек, воениот персонал спие приближно шест часа, што не е доволно, бидејќи се препорачуваат најмалку седум часа. Краткиот сон може да доведе до влошување на здравјето или до слаби перформанси. Нарушувањето на спиењето може да биде значајна закана за борената подготвеност.
Давањето приоритет на спиењето за време на распоредувањето е клучно за подобри перформанси и,на долг рок, за поздраво воено искуство.

Кога долгите блокови на спиење се непрактични, практиката на „тактичко дремење“ може да помогне да се достигнат препорачаните седум часа сон на 24 часа. „Тактичката дремка“ најдобро е да биде во темен, тивок и удобен простор, но најважно, тоа да биде онаму каде што е безбедно. Овие дремки можат да се користат и за дополнително спиење пред претстојното губење на сонот, за зголемување на будноста за време на големи операции и за побрзо закрепнување по губењето на сонот. Иако дремењето може да доведе до почетна зашеметеност кога ќе се разбудите, користењето на комбинацијата на дремки и кофеин стратешки може тоа да го намали.
Недоволното спиење, во комбинација со долг и напорен ден, понекогаш е причина за потреба од попладневна дремка. Недостатокот на сон е причина лицето да се чувствува уморно, исцрпено и без енерија, а дремката е одличен начин за телото да се одмори и да се „освежи“. Но, времетраењето на ваквите дремки има влијание врз тоа како ќе се чувствува лицето по будењето. Понекогаш после дремката лицето е уште поуморно и без енергија, како воопшто и да не спиел. Зошто е тоа така и каква е поврзаноста на времетраењето на дремката со ова? Без



разлика дали се работи за дремка или за спиење во текот на ноќта, тоа се состои од циклус кој трае 90 минути, а вклучува 4 фази на спиење. Времетраењето на дремката ќе одреди дали ќе се влезе во само некоја фаза од првиот циклус, дали циклусот ќе протече во целост или, пак, ќе се повторат повеќе циклуси. За време на една ноќ се очекува да се повторат 4 до 6 циклуси.
Во првите 2-5 минути од заспивањето се влегува во првата фаза од спиењето. По првата фаза, сонот преминува во втората фаза која трае околу 30 минути. Во овој период телесната температура опаѓа, мускулите се опуштаат и дишењето и срцебиењето стануваат сè поритмични. Во просек, околу половина од сонот за време на ноќта се одвива во оваа фаза. Во следните 20-30 минути спиењето преминува во т.н „длабока фаза“ или „длабок сон“. Кога некој е во оваа фаза од сонот, потешко е да се разбуди, телото дополнително се опушта, мускулите дополнително се релаксирани и срцебиењето и дишењето се уште повеќе позабавени и поритмички. Се смета дека оваа фаза е клучна за обновувањето на ткивата, за растот и функционирањето и за зајакнувањето на имунолошкиот систем. Оваа фаза од сонот експертите ја поврзуваат и со креативноста и меморијата. РЕМ-фазата (Rapid eye movement) трае 10-20 минути и мозокот станува поактивен, дури се приближува до активноста што ја има кога мозокот е буден. Во оваа фаза сите мускули на телото се привремено парализирани, освен мускулите кои ги придвижуваат очите и мускулите кои го контролираат дишењето. Оваа фаза, исто така, се смета за клучна за меморијата, учењето и креативноста. Она што се сонува за време на спиењето најчесто се случува во оваа фаза и се препишува на зголемената активност на мозокот. Со завршувањето на последната фаза (РЕМ) завршува и еден циклус од спиењето. Времетраењето на дремката ќе ја одреди и фазата од спиењето која ќе започне. Подолги дремки може да доведат и до завршување на целиот циклус. Сето ова има ефект врз тоа како лицето ќе се чувствува после будењето од дремката. 20 до 30 минутна дремка се состои најмногу од втората фаза на спиењето. Оваа фаза доведува до делумно опуштање на телото и до запирање веднаш пред почетокот на таканаречениот „длабок сон“. Ова значи дека телото се одморило, а будењето од ваквата дремка е многу полесно наспроти будењето од „длабокиот сон“.



Вакви дремки, дури и оние пократки – околу 10-20 минути, се најпрепорачливи од експертите и по будењето од нив, лицето не се чувствува поспано и конфузно. 30 до 60-минутната дремка ги овозможува придобивките и од спиењето во втората фаза, но и од „длабокиот сон“. Оваа фаза е клучна за меморијата, но будењето од оваа фаза е најтешко и придобивките од ваквата дремка можат да се почувствуваат 15 до 20 минути по будењето. Ваквата дремка може лицето да го направи поспано и делумно уморно. Дремката од 60 до 90 минути влегува во последната фаза од циклусот на спиење т.н. РЕМ-фаза. Таа е поврзана со сонувањето, креативноста и поврзувањето на идеи. Иако оваа дремка е подолга од претходните, будењето од неа може да е полесно, бидејќи лицето е во РЕМ фазата, а не во фазата на „длабок сон.
Освен времетрањето на дремките, делот од денот кога се практикува ваквата дремка, исто така има влијание. Потребата од сонот во третата – „длабока фаза“ се зголемува во текот на денот. Па така, дремки доцна во денот, близу до ноќното спиење, можат да ја намалат оваа потреба и заспивањето и квалитетот на сонот за време на ноќта може и да се наруши. Доколку дремката е порано во денот, се смета дека е комбинација од РЕМ и длабок сон, додека подоцна во денот, длабокиот сон доминира во спиењето. Доколку дремките се практикуваат во точно одреден дел од денот и траат пократко, можат да доведат до освежување и енергија. Тие се одлични за релаксирање, за подобрување и зголемување на концентрацијата, а го намалуваат уморот и ја подобруваат меморијата и расположениeто. Се смета дека пократките дремки во правилно време од денот се далеку поефикасни и покорисни за телото отколку кафето. Споредено со кофеинот во кафето, дремките реално го намалуваат уморот и го даваат чувството на будност, додека ефектот на кафето е привремен и уморот е само маскиран. Практикувањето дремка исто така делува и врз намалувањето на стресот и градењето на посилен имунитет. Накратко, дремката е речиси секогаш ефективна кога се предвидува сериозно или тековно нарушување на спиењето, особено во оперативни услови.
„Тактичката дремка“ е најефективна кога е планирана и кратка. И покрај овие наводи, командната посветеност на предвидлив циклус на спиење на терен сè уште е најдобриот пристап за ублажување на проблемите со спиењето и оперативните ефекти од заморот. Тактичката дремка може да ја промени играта на теренот, обезбедувајќи неопходен одмор и одржување на врвните перформанси. Запомнете дека секоја ситуација е единствена, затоа приспособете го

вашиот пристап кон спиењето на специфичните околности и барањата на мисијата. Останете будни и одморени, фокусирајте се и бидете безбедни.

## Како до „тактичка дремка“:

Чекор 1: Најдете сигурна локација: побарајте безбедно, тивко место кое е скриено од потенцијални закани, со природна или вештачка покривка за да ја минимизирате вашата видливост. Погрижете се да не блокирате никакви патишта за повлекување или да ја загрозите позицијата на вашиот тим.
Чекор 2: Поставете временско ограничување: определете го оптималното времетраење за вашата дремка кое обично е помеѓу 20 и 30 минути. Оваа временска рамка помага да се спречи длабок сон, избегнувајќи зашеметеност при будењето. Во некои случаи, можеби ќе треба да ја ограничите дремката на само 10 минути ако така налага ситуацијата.
Чекор 3: Воспоставете систем на ротација: Ако сте со тим, поставете ротирачки систем за да се осигурате дека некој е секогаш буден и подготвен додека другите се одмораат. Ова ќе помогне да се одржи безбедноста и свесноста за ситуацијата.
Чекор 4: Сместете се удобно: Доколку е можно, најдете удобна положба за одмор. Користете го вашиот ранец или друга опрема како импровизирани перници или подлога. Можеби ќе треба да останете делумно подготвени, во зависност од околностите.
Чекор 5: Поставете аларм: Користете сигурен, дискретен аларм (како што е вибрирачки рачен часовник) за да се осигурате дека ќе се разбудите во одреденото време.
Чекор 6: Смирете го вашиот ум: Обидете се да ги опуштите мислите и да се фокусирате на дишењето, прочистувајќи го умот, за да можете побрзо да заспиете.
Чекор 7: Разбудете се и преориентирајте се: Кога ќе се вклучи алармот, разбудете се брзо и одвојте еден момент за да се ориентирате кон вашата околина. Спроведете брза самопроцена и проверка на опремата, пред повторно да му се приклучите на вашиот тим или да продолжите со вашата мисија.

Александар Стојчевски

# Хрватска набавува системи „M142 HIMARS“

На 30 август 2024 година, Стејт департментот на САД донесе одлука за продажба на системите „M142 HIMARS“ на Хрватска, за потребите на армијата на Хрватска. Со оваа продажба армијата на Хрватска ќе ја подобри способноста за одвраќање на сегашните и идните закани, ќе ги поддржува коалициските операции и ќе промовира интероперабилност со САД и со другите сили на НАТО.
За потребите на армијата на Хрватска се планира набавка на 8 системи „M142 HIMARS“ (High Mobility Artillery Rocket Systems/ високо мобилен артилерски ракетен систем). Но, во склоп на набавката се опфатени и 24 наведувани ракети „M30A2“ (GMLRS), со алтернативна боева глава и дострел од 70 km, 24 наведувани ракети „M31A2“ (GMLRS) со високоексплозивна боева глава и со дострел до 70 km, потоа стандардните боеви ракети „M26“ и „M28A2“ вежбовни ракети со намален дострел, две повеќенаменски оклопни возила „M1152 HMMWV“, осум „M1152 HMMWV“ – командно-комуникациски возила, други логистички возила, 36 напредни GPS-приемници (DAGR), комуникациски радија „AN/PRC-117G“, „AN/PRC-158“ и „AN/PRC-160“, заеднички системи за контрола на огнот, системот „IFATDS“ и друга опрема. Инаку, ракетните системи, заедно со дополнителната опрема и севкупните услуги, се проценети дека имаат вредност од околу 390 милиони американски долари.
Во основа, „M142 HIMARS“ е артилериски повеќецевен ракетен систем со висока мобилност, многу подвижен и напреден систем развиен во САД. Системот е дизајниран да обезбеди брза и прецизна огнена поддршка од голем дострел. Системот е поставен на оклопна камионска шасија „FMTV M1140“ и може брзо да се распореди и репозиционира, што му овозможува изведување на моќни артилериски напади со разновидна муниција, вклучувајќи ги наведуваните ракети со дострел до 70 километри и наведуваните ракети „ATACMS“, способни да гаѓаат цели на далечина до 300 километри. Овој систем моментално го користат осум држави во светот.

Ивица Дамески



# Мобилен радарски електронски воен систем „KORAL II“



Мобилниот радарски електронски воен систем „KORAL II“ е систем кој е приспособен на современите воени барања, обезбедувајќи критична поддршка за спречување на електронските закани и обезбедување супериорност на бојното поле. Системот „KORAL II“ поддржува операции за потиснување на непријателската воздушна одбрана (Suppression of Enemy Air Defence – SEAD), со градење на информативна супериорност и обезбедување брз одговор во предизвикувачка средина. „KORAL II“ се состои од системи за електронска поддршка и од системи за електронски напад. Системот „KORAL II“ се управува од двајца оператори во рамките на Единицата за оперативна контрола (Operation Control Unit – OCU): еден оператор за електронска поддршка за контрола на функциите на откривање, анализа и електронско заштитување (DF) и еден оператор за електронски напад за контрола на функциите на наблудување и распределба на извори. Дополнително, надзорникот во Единицата за оперативна контрола (Operation Control Unit – OCU) се

„KORAL II“ е напреден електронски воен систем развиен од „Aselsan“, водечка турска компанија за одбранбена електроника. Како надградба на претходниот систем „KORAL“, „KORAL II“ значително е усовршен и дизајниран да го подобри електронското воено дејствување преку супериорни способности за електронско војување, откривање на радарски технологии и нарушување и спречување на комуникациите





| КЛУЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СИСТЕМОТ „KORAL II“ : | |
|---|---|
| **Опсег на фреквенции** | „KORAL II“ работи во широк фреквенциски опсег, обично покривајќи од ниски до високи фреквенции. Овој широк спектар му овозможува да таргетира и да открива различни електронски уреди и системи, вклучувајќи комуникациски и радарски фреквенции. |
| **Способности за спречување на сигнали** | Системот користи различни техники за спречување на сигнали, вклучувајќи спречување со шум, со широк опсег и други слични начини на спречување на сигнали. Овие техники се дизајнирани да ја нарушат комуникацијата и ефективноста на непријателот, на радарските системи и на други електронски сензори. Системот опремен со предаватели со висок излез, KORAL II обезбедува ефективно спречување на сигнали на големи растојанија и големи површини. |
| **Откривање на радар и електронска поддршка** | „KORAL II“ вклучува напредни способности за откривање на радар, што му овозможува да ги идентификува и да ги лоцира непријателските радарски системи и електронски зрачења на сигнали. Мерки за електронска поддршка (Electronic Support Measures – ESM): Системот е опремен со способности за електронска поддршка за откривање и анализа на електронски закани, обезбедувајќи критични информации за тактичките одлуки. |
| **Модуларен и скалабилен дизајн** | Модуларниот дизајн на „KORAL II“ овозможува различни конфигурации, врз основа на барањата на мисијата. Овој дизајн, исто така, поддржува идни надградби и технолошки напредоци. Воедно, овозможува употреба на системот во различни временски и метеоролошки услови и ситуации. |
| **Приспособливост во реално време** | Динамички одговор: „KORAL II“ има функции за мониторирање во реално време и приспособено спречување на сигнали, што му овозможува да ги приспособи своите параметри динамично, врз основа на откриената закана. |
| **Интеграција и интероперабилност** | „KORAL II“ е дизајниран да се интегрира со други електронски воени и одбранбени системи, што ја подобрува вкупната оперативна ефикасност и координација. Системот е компатибилен со различни воени платформи и системи, што овозможува флексибилност во распоредот и операцијата во различни сценарија. |
| **Мобилност и распоредување** | Системот може да се монтира на различни платформи, вклучувајќи возила и стационарни инсталации, обезбедувајќи флексибилност во распоредот, врз основа на оперативните потреби. |
| **Контрола и кориснички интерфејс** | „KORAL II“ вклучува кориснички „интерфејс“ за лесно управување и конфигурирање на системот. Овој „интерфејс“ овозможува мониторирање на изведбата на системот и приспособување на поставките за спречување на сигнали според потребите. |

грижи за координација на операциите, за комуникација со другите системи „KORAL II“ и за командите.

Единицата за оперативна контрола (Operation Control Unit – OCU) вклучува три мултифункционални конзоли за остварување на овие улоги. Единицата за оперативна контрола (Operation Control Unit – OCU) е усогласена со НАТО стандарди и исто така поддржува заштита од Nuclear, Biological, and Chemical – NBC (нуклеарни, биолошки и хемиски) закани. „KORAL II“ е интегриран електронски воен систем кој комбинира способности за спречување на сигнали, откривање на радар и електронско војување. Дизајниран е да ги заштити воените средства и операции преку нарушување на комуникацијата на непријателот, радарските системи и други електронски уреди.

Системот „KORAL II“ се користи за заштита на воените операции преку нарушување на електронските системи на непријателот, заштита на критични средства и обезбедување на безбедноста на комуникацијата. При електронско војување се употребува

за неутрализирање на непријателските радарски и комуникациски системи, зголемувајќи ја супериорноста на бојното поле. Системот се користи за заштита на вредни воени средства и инфраструктура од електронски закани и напади. „KORAL II“ се користи во средини за обучување и за симулирање на услови на електронска војна, помагајќи им на воените лица да ги развијат и да ги усовршат своите вештини за противелектронски закани. Модуларниот дизајн овозможува приспособување и надградби, обезбедувајќи долгорочна оперативна релевантност. Способноста на системот динамично да се приспособи на променливата закана осигурува континуирана ефикасност во сложени сценарија. Напредните карактеристики на „KORAL II“ бараат квалификувани оператори и персонал за одржување на ефикасно управување и одржување на системот. Како што напредува технологијата на електронска војна, потребни се континуирани ажурирања и приспособувања за да можесе спортивставуваат на новите електронски закани и против-мерки. Системот е изграден со модуларен дизајн, што овозможува флексибилност и лесно прилагодување на различни потреби. Главните предизвици со кои се соочува овој систем се во неговата комплексност, односно напредните карактеристики на „KORAL II“ бараат квалификувани оператори и персонал за одржување и за ефикасно управување и одржување на системот и на еволуирачките закани, бидејќи со напредокот на технологијата на електронска војна напредува и ова, потребни се континуирани ажурирања и приспособување за да се спортивставуваат на новите електронски закани и преземање противмерки.
Од општите карактеристики на системот „KORAL II“ за електронска поддршка ќе ги споменеме: модуларен дизајн на системот (системот е изграден со модуларен дизајн, што овозможува флексибилност и лесно приспособување на различни потреби; широко фреквенциско и просторно покривање, кое овозможува висока веројатност за пресретнување на сигналите; висока точност на мерење на параметри – прецизно мерење на параметрите во фреквенцискиот домен и времето, вклучувајќи RF, PRI, PW и DOA; работа со традиционални и нови закани (способност да се справи и со традиционалните и со новите сигнали на закани); автоматска идентификација на заканите со употреба на внатрешна библиотека за закани за автоматско препознавање на заканите.; брз одговор на системот, брзо откривање на заканите користејќи широкопојасни приемници.; оперативност во густа и висока средина, PRF и CW (способност да функционира во густо населени околини и високи пулсни повторувања и континуирани бранови); прецизно насочување на антени со употреба на методи на споредба на амплитуди и ротирачки антени за точно определување на правецот; поправка на позиција со висок CEP, што овозможува прецизно одредување на позицијата, користејќи мулти платформи.
Од општите карактеристики на системот за електронски напад „KORAL II“ ќе ги издвоиме следниве: интегриран дигитален приемник, генератор на техники и дигитална RF-меморија; брзо насочување на зракот преку систем на фазирана антена; висока излезна моќност; широк опсег на фреквенции и просторно покритие; висока точност во мерењето на параметрите; обработка на традиционални и нови закани; автоматско нарушување на заканите, користејќи внатрешна библиотека на техники; симултано применување на повеќе техники за нарушување на комуникациите; брз одговор на системот и нарушување на комуникациите, користејќи брзо насочување на зракот со фазирани антени.

м-р Реџеп Мустафовски





# Самоодна хаубица „ЈАВУЗ“ 155 мм

Самоодната хаубица „ЈАВУЗ“ 155 мм е од турско производство. „ЈАВУЗ“ е самоодна хаубица која, покрај механичките склопови, е опремена и со современ систем за контрола на огнот. Првенствено хаубицата „ЈАВУЗ“ била развиена за да ги задоволи оперативните побарувања на пешадиските единици за изведување на операции каде е неопходно потребна артилериска огнена поддршка на поголеми растојанија. „ЈАВУЗ“, со неговиот модерен систем за контрола на огнот, има можност брзо да се позиционира и да биде подготвен за дејство за многу кратко време. Оваа хаубица е целосно интегрирана во системот за огнена поддршка на турската армија. Има способност да се интегрира и во склоп на системи за контрола на огнот и кај останатите армии. Со оглед на тоа што современите предизвици за ангажирање на артилеријата налагаат употреба на ефикасни и мобилни орудија, хаубицата „ЈАВУЗ“ целосно се вклопува во сите побарувања. Хаубицата е производ на корпорацијата „МКЕК“ (Makina ve Kimya Endustrisi Kurumu).Оваа хаубица за првпат е претставена на Интернационалниот саем на воена опрема „IDEF 2017“ во Турција. Првите пробни гаѓања со оваа хаубица се реализирани во месец април 2017 година. Првенствено, хаубицата „ЈАВУЗ“ била наменета за опремување на турските вооружени сили, но не треба да се занемари и фактот дека оваа современа хаубица нуди и повеќе можности за извоз кон странските пазари. Хаубицата „ЈАВУЗ“ и нејзината 5-члена послуга може да се подготви за дејство за 60 секунди. Што се однесува до системот на контрола на огнот, покрај подготовката за оган и управувањето со огновите, тој е надополнет со радар, што ја мери почетната брзина на цевката и има интегриран инерцијален систем за навигација.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА САМООДНАТА ХАУБИЦА „ЈАВУЗ“ 155 мм | |
|---|---|
| **Калибар на цевката** | 155 mm |
| **Начин на полнење** | Рачно и полуавтоматски |
| **Дострел** | 18 km (со проектил M107 HE)<br>30 km (со проектил M549A1 HE)<br>40 km (со проектил MOD 274) |
| **Тежина на хубицата** | 32 t |
| **Должина** | 10,8 m |
| **Висина** | 4,1 m |
| **Ширина** | 2,6 m |
| **Брзина на движење** | 90 km/h (максимална) |
| **Автономија на движење** | 600 km |
| **Должина на цевката** | 52 калибри |
| **Послуга** | 5 |
| **Потребно време за премин од маршевска положба во положба за стрелба** | 1 минута |
| **Потребно време за премин од положба за стрелба во маршевска положба** | 2 минути |
| **Хоризонтално поле на дејство** | Десно и лево по 300 илјадити |
| **Вертикално поле на дејство** | од -53 до + 1165 илјадити |
| **Режим на стрелба** | 4 до 6 проектили за една минута |
| **Капацитет на муниција која ја носи со себе** | 18 |




# Носачи – балансери за обука

Читајќи ги редовите за првите македонски планери или лизгачи, подоцна наречени едрилици, како и обуките за нив, се поставува логичко прашање: Како, всушност, започнало летатењето со нив и кој бил начинот на спроведување на основната обука на пилоти

Од претходните написи можеше да се стекне впечаток дека после завршувањето на теоретската подготовка се седнувало во планерот и се полетувало кон височините. Но, не било баш така! Точно е дека после теоретската подготовка се седнувало во предвидениот планер за обука, но не за да се вивнат во небеските бесконечности.

Историјата, на свој начин, го испишала развојниот пат на воздухопловното едриличарство на македонскиот простор, но помалку ги забележала спомените на актерите во воздухопловното едриличарство. После многу години од првите почетоци, познавајќи некои од нив, бев сведок на нивните лични спомени, спомени за тоа каква била нивната обука и како тие учеле да пилотираат, што би рекле, да „летаат“. И, иако тогаш бев многу млад, ми претставуваше вистинска чест и задоволство да ги слушам сеќавањата и спомените на основоположниците на македонското едриличарство и цивилно воздухопловство воопшто. Меѓу нив се вбројуваа: Љубомир Тевчев, Славко Димитроски, Перо Тодоровски-Попај, Љубомир Петковски, Ѓорѓија Арсовски, Ѓорѓи Видоевски, Славејко Славејков и многу други. Во претходно изнесениот историски развој е прикажана глобалната слика на дотогаш користените планери-едрилици. Но, останува неискажан делот исполнет со нивните спомени за конкретните почетнички чекори, на кој начин тие практично учеле да летаат, односно да пилотираат со првите „дрвени птици“. Тоа, пак, е приказна која говори сама за себе. Тие морале да употребат и мајсторски вештини со градење на помошни летачки направи, користени при обуката и на тој начин да ги доближат почетните чекори кон основната летачка обука.

Според овие спомени, малкуте фотографии и сеќавања на тогашните македонски едриличарски првенци, патот до првиот лет со планер или едрилица бил долг, сеопфатен и макотрпен. Прво се селектирале кадри од редовите на аероклупското членство. Најчесто тоа биле членови коишто дотогаш се занимавале со изработка на, тогаш наречените аеропланскиi модели, подоцнежни воздухопловни модели. Се сметало дека таквите кандидати имале стекнато основни сознанија за градбата на воздухопловите, како и првични знаења за теоријата за летањето на направи потешки

од воздухот. Ова непишано правило било задолжително за сите оние коишто сакале да ја остварат својата желба за летање. Тоа, неприкосновено, се применувало во првите едриличарски обуки, сѐ до пред Втората светска војна. Но, поради зголемениот интерес за летање од страна на кандидатите кои произлегувале непосредно од училишната, земјоделската или работничката младина, како и заради потребата од создавање база за избор на воени пилоти. Подоцна оваа процедура, или правило, почнало да се изоставува.
Независно од која средина произлегувале кандидатите за таквата пилотска обука, сите тие морале да поминат теоретска подготовка. Оваа подготовка ги опфаќала теоријата за летање или, подоцна наречена аеродинамика, изградбата и конструкциите на планерите, пилотските инструменти за управувањето или пилотирањето со планерите, метеорологија, како и за постапките во случај на непредвидени случувања. Во текот на теоретската обука се спроведувала и т.н. работна практика. Таа претпоставувала директно учество на кандидатите во изградбата на планерите за летање. Првите работни задачи и контролата над нивното извршување, односно изработката на одделни делови, на почетокот биле во рацете на Љубомир Тевчев. Негова задача, во тој период, биле и пробните летови со изработените планери кои имале третман на „тест-летови“, пред да се пушти планерот во масовна употреба. Веднаш после него овие задачи ги презел Славко Димитровски, којшто овие задачи ги извршувал подолг временски период. Со текот на времето бројот на ваквите наставници перманентно растел.
После извршувањето на пробните летови на планерите, тие можеле да се пуштат во употреба и да започнат основните практични обуки на нови кандидати. Но, и тоа имало свој редослед.



Заради сигурносни мерки на кандидатите, обуките започнувале со „лет во место“. За таа цел биле изработени дрвени потпори на земја, на коишто се поставувал планерот. Планерот секогаш бил насочен во спротивен правец од правецот на ветрот. Покрај дрвените потпори, за одредени планери, како што бил „Цеглинг“, била подготвена посебна „бесилка“, изработена од две дрвени греди, составени во форма на буквата „Г“. Долгата греда била вертикално поставена и цврсто закопана во земја, а на горната, покуса греда, бил „обесен“ планерот со помош на плетено челично јаже. Последна можност била планерот да биде поставен на дрвена потпора, поставена под долниот дел на трупот, а планерот да биде насочен спротивно од правецот на ветрот. Во сите случаи, едната страна на крилото и задниот дел од трупот ги придржувале некои од членовите кои, под команда на наставникот, ја менувале положбата на самиот планер. Пилотот-почетник, односно пилотот кој седел во планерот, требало соодветно да реагира на сите промени на положбата и со пилотската командна палка да го одржува планерот во „нормалната“, хоризонтална положба. Честопати во услови на посилен ветер, каков што често имало на Зајчев Рид, не биле потребни помошници. Кандидатот требало само да го „парира“ реалниот ветер и да го избалансира, односно да го одржува планерот во хоризонтална положба. Наизглед тоа биле мошне примитивни и едноставни вежби, но самата помисла дека некој следен ден тие нема да бидат вежби на земја, туку управување на планерот во воздух, создавал голем напор и потење по челата на идните пилоти-едриличари.
После успешно завршените вежби за балансирање и управување на планерот или на едрилицата на земја, следеле вистинските летови. Најпрво биле исфрлени со гумено јаже на мали височини, летајќи само праволиниски напред, а потоа со мали свртувања, и лево и десно. На крајот на обуката следело освојување на небеските височини.
Сите овие сеќавања, малкуте фотографии и непосредните актери коишто повеќе не се меѓу нас, ќе останат само избледени белешки во мојот аеродневник и на страниците на списанијата кои ќе нѐ потсетуваат на тоа каква била некогашната едриличарска обука.




Ѓорги Чачкиров



# Тајландскиот Кралски музеј на авијацијата

Кралскиот музеј на авијацијата во Тајланд е скромен музеј со многу добра колекција, но не е многу експониран, мо во секој случај, Музејот е вреди да се посети

Тајландскиот Кралски музеј на авијацијата е сместен во непосредна близина на цивилниот аеродром во Банког. Колекцијата во Кралскиот музеј на авијацијата во Тајланд, во поголем дел, се состои од западна техника, но има и неколку експонати од источно потекло и од сопствено производство. Почетоците на Музејот датираат од 26 септември 1952 година, кога Управниот одбор на Музејот добива задача да ги чува, да ги презентира, да ги зачува и да направи колекција на техничките средства и на наследството на Кралското воено воздухопловство на Тајланд.
Самиот музеј е под раководство на Музејското одделение во Министерството за одбрана на Тајланд.

Музејот е поделен на пет одделни згради и на еден дел кој е под отворено небо т.е. надворешна поставка. Зградата број еден е поделена на два дела и го покажува контрастот помеѓу почетоците на военото воздухопловство и воздухопловството денес. Од левата страна се прикажани почетоците, додека на десната се прикажани експонатите кои уште се во употреба. Кога ќе влезете во делот кој е посветен на модерната авијација ве дочекуваат неколу авиони од кои се истакнува еден од најстарите примероци на „F-5B Tiger“.

Веднаш до него е поставен примерок на „Saab JAS39A Gripen“, еден од ретките примероци на овој авион што се наоѓа надвор од Шведска, а истиот е дониран од страна на Шведска во 2012 година. Во истата поставка има и примерок од „F-16 Fighting Falcon“. Делот, којшто е посветен на почетоците, е подреден хронолошки, врз основа на годината на производство. Првиот авион во оваа поставка е „Breguet III“ кој, всушност. е и првиот вид на авиони. Овој авион бил дел од воздухопловството на Тајван, следни се два примероци од првите



авиони произведени од Тајланд од типот „5“. Следни се ретките примероци од „Vought V.93S Corsair“ и „Curtiss 68B Hawk III“. Оваа поставка продолжува со еден дел наречен „нашата сувереност нема да биде нарушена“, посветен на периодот на Студената војна. Во овој дел се изложени авионите: „Grumman F8F-1 Bearcat“, „Lockheed T-33A“ и „F-84G“.

Во халата број два се изложени видови на воздухоплови кои го означуваат домашното производството на воздухопловите. Оваа хала е надополнето со пишани материјали и книги поврзани со историјата на тајванската авијација. Оваа поставка започнува со примерок на беспилотното летало „SKY SCOUT“, коешто ѝ беше претставено на јавноста на Саемот за вооружување во 2023 година. Понатаму следува колекција на уметнички слики кои го претставуваат развојот на воздухопловството во Тајван. Третата хала е место каде се одржуваат воздухопловите што се изложени. Халата број четири е место каде се изложени делови и опрема која се користела во военото воздухопловство: униформи, летака-опрема, навигациски инструменти, авиомотори, елиси и друга опрема. Во оваа хала е изложена и хидробарската комора. Хеликоптерите кои биле дел од воздухопловството на Тајланд се изложени в халата број пет. Во оваа хала се изложени: „Sikorsky S-55“, „Kawasaki KH-4“, „Westland S-51A“, иконскиот „Bell UH-1H“, „Bell OH-13H“ и „Bell 206B Jet Ranger 3“. Надворешната поставка е составена од сет на транспортни воздухоплови, млазни, тренажни и други видови авиони, радари и радарски системи. Карактеристичен експонат, истакнат во надворешната поставка, е пресек на авионот „F-5“. Оваа надворешна поставка е надополнета со три примероци на тренажниот „Aero L-39 Albatros“, примерок на „Cessna A-37B“, „Alpha Jet“, следен е примерок на рускиот „МИГ -21“, којшто му бил дониран на Кралскиот музеј од страна на Виетнам. Надворешната колекција е надополнета со „A-7E Corsair“, „AV-8S Harrier“, „Fairey Firefly FR.1“, „Supermarine Spitfire FR.14E“, „T-6F/G Texan“, „OV-10C“, локално произведениот „Paribatra“ и други. Од транспортни авиони се изложени следниве модели: „Percival P.54 Prince 3A“, еден од осумте останати во светски рамки, „Douglas C-47“, израелскиот „IAI Arava“, „Aeritalia G222“ и други.

Музејот е сопственик на неколку ретки и уникатни примероци како што се: јапонскиот тренажен авион „Tachikawa Ki-36“, еден од вкупно преостанатите два примероци. Овде се наоѓа и последниот примерок на „Vought O2U Corsair“ и, исто така, овде може да се погледне и еден од трите преостанати примероци на „BF2C Goshawks“. Четири симулатори се дел од понудата на Музејот која им се нуди на посетителите. Покрај нив, во понудата за најмладите посетители има дел каде што тие можат да бојат и да цртаат на тема воздухопловство, да изработуваат оригами од хартија и воедно да ги научат принципите на аеродинамиката. Друга интересна понуда за посетителите е летање на воздухопови кои се радиоконтролирани. Во непосредна близина до Музејот (преку главната магистрална улица) е и Паркот на военото воздухопловство, каде што на пиедестал се поставени четири воздухоплови и меморијална плоча на загинати припадници на тајванското Воено воздухопловство.

Работното време на Музејот е од 08.00 до 16.00 часот секоја ден, со исклучок за националните празници. Музејот има и мала продавница за сувенири и ресторан, кои се во склоп на првата хала. Потребното време за посета и разгледување на Музејот, во просек, е 2 часа.

Златко Блажески



# Одбележана 80-годишнината од падот на американскиот бомбардер во близина на селото Вратница

Организацијата на резервни офицери на Македонија организираше настан во село Вратница, со што беше одбележана 80-годишнината од падот на американскиот бомбардер „Б-24“ на падините на Шар Планина, во месноста викана Сл’бица, над селото Вратница. Бомбардерот, наречен „Наша љубов“, од страна на неговиот екипаж, по враќање од борбена мисија во Романија на 26 август 1944 година, бил погоден и паднал над Вратница, при што од 9 члена на екипажот, шестмина загинале а тројца преживеале. По овој повод, на спомен-обележјето поставено во кругот на селските гробишта во Вратница, свежо цвеќе положија: делегација на Организацијата на резервни офицери на Македонија, заменичката на американската амбасадорка Никол Вранс, началникот на Генералштабот на Армијата на Македонија, генерал-мајор Сашко Лафчиски, претставници на М.З. Вратница и други организации и здруженија. На местото на спомен-обележјето, за историјатот на селото Вратница и за падот на бомбардерот, пред присутните зборуваше Божин Милосавлевски, член на Организацијата и член на ИО на ООЕ на Тетово. Потоа одбележувањето на овој настан продолжи во центарот на селото, каде што говори одржаа: претседателот на Организацијата и заменичката на амбасадорката, а потоа претседателот, д-р Гоце Георгиев, им додели Плакета на заменичката на амбасадорката, како и значки на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, на градоначалникот на Општина Јагуновце и на други личности од Американската амбасада. Значајно е да се напомене дека во зградата на поранешната Општина Вратница беше одредена една просторија во која се предвидува да се направи спомен-соба, посветена на загинатите пилоти од американскиот бомбардер. Настанот заврши со културно-уметничка програма во реализација на КУД „Кирил Пејчиновиќ“ од Теарце.



# Учество во одбележувањето на Денот на Армјата

По повод Денот на Армија, 18 Август, Организацијата на резервни офицери активно се вклучи во одбележувањето на овој значаен настан од македонската историја. Одбележуваето на овој ден се реализираше со организирање на два настани, првиот на 16 август и вториот на 18 август, при што ОРОРСМ, и на двата настани учествуваше со свои претставници. На 16 август, петчлена делегација на нашата Организација на резервни офицери во состав: полковник д-р Златко Кузманов, Никица Бангиева, Тони Мицевски, Јован Букревски и Златко Илиевски, положи свежо цвеќе на партизанските гробишта во Бутел и на вечните почивалишта на поранешните претседатели и врховни команданти, Борис Трајковски и Киро Глигоров, како и на првиот командант на македонската Армија, генерал Михајло Апостолски. На 18 Август во Центарот за обука на вода во Охрид, во присуство на воениот и државен врв, се одржа централната свеченост, со која се одбележаа 32 години од постоењето на македонската армија. На централната прослава на Денот на Армијата, ОРОРСМ беше претставувана од претседателот на Организацијата, д-р Гоце Георгиев и од претседателот на Општинската организациона единица на ОРОРСМ од Охрид, Митко Темелковски.



# Негување на традициите

Во Програмата за работа за 2024 година, значајно место заземаат и активностите од областа на традициите. Тргнувајќи од таквите определби, ООЕ на ОРОРСМ Виница, Демир Хисар и Кичево, учествуваа во одбележвањето на значајни историски настани.
По повод 30 Август, Денот на ослободување на градот Виница, се организираше одбележувањето на овој значаен ден со положување свежо цвеќе пред спомен-бистите на народните херои од НОВ и оддавање почит кон нивните дела и борба за слободна држава. Свежо цвеќе положија повеќе делегации, меѓу кои и делегација на Македонската организација на резервни офицери, предводена од претседателот, д-р Гоце Георгиев. Во одбележувањето на 80-годишнината од ослободувањето на Демр Хисар, 2 септември 1944 година, ОРОРСМ учествуваше со свои претставници од ООЕ Демир Хисар и Кичево. Претставниците од ООЕ на Демир Хисар, предводени од претседателката, Валентина Талевска, положија свежо цвеќе пред спомен-обележјето подигнато во знак на признание на паднатите борци од НОВ и револуцијата од село Мургашево, додека претставниците од ООЕ на Кичево, предводени од претседателот Зоран Никодиноски, учествуваа на маршот организиран по тој повод, од село Жван до црквата „Света Петка“ во должина од 5 километри и воедно положија свежо цвеќе пред спомен-плочата посветена на паднатите борци од НОВ од село Жван.



Тони Мицевски



# Народниот херој Боро Менков

Боро Менков е македонски комунист и учесник во НОВ. Тој бил еден од организаторите на НОБ во Кумановско. На 20 декември 1951 година бил прогласен за народен херој на Југославија

Боро Менков е роден во Куманово на 5 мај 1919 година, во сиромашно семејство. По завршување на основното училиште, тој учел берберски занает, односно бил чирак во берберница. Бил истакнат синдикален активист и раководител на штрајкот на берберските работници во Куманово во 1936 година. По штрајкот, полицијата им забранила на мајсторите да го примаат Борко Менков на работа, поради што тој морал да замине од градот. Откако безуспешно барал работа низ Белград, заминал да работи во Крагуевац, каде што останал од 1936 до 1938 година за да научи есперанто. Токму во Крагуевац ја добил и поканата за отслужување воен рок, а по отслужувањето се вратил во Куманово.
Во 1940 година се преселил во Скопје, каде што отворил свој дуќан. После неколку претреси од страна на полицијата, Боро Менков го затворил дуќанот и се вратил во Куманово. Станал член на КПЈ во 1940 година.

## Учество во НОБ

По окупацијата на Македонија Боро Менков бил еден од организаторите на НОВ во Куманово. Собирниот центар за оружје се наоѓал во неговата куќа, која подоцна била претворена и во тајна работилница за експлозивен материјал. Во работата му помагале и неговите браќа. На 12 октомври 1941 година, заедно со Козјачкиот партизански одред бил формиран и Карадачкиот партизански одред, првите партизански одреди од Куманово. За командант на Карадачкиот партизански одред бил назначен Боро Менков.
По донесувањето на одлуката за отпочнување на вооружено востание од страна на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Југославија за Македонија, ноќта на 12 октомври 1941 година, борците на одредот се собрале на зборното место „Менкова колиба“, четири километри јужно од Куманово.
Од зборното место одредот се упатил на Карадачкиот терен со задача да го разгори востанието во тој крај со претежно албанско и турско население. Во утринските часови на 13 октомври Одредот пристигнал во реонот на село Белановце и се засолнил во една напуштена воденица. Таму борците го проучувале пропагандниот материјал и одржале партиско советување на кое се анализирал маршот на Одредот и неговите наредни задачи.
На 14 октомври 1941 година, рано в зори, Карадачкиот партизански одред бил предаден од домашни предавници, по што бил опколен и нападнат од бугарската фашистичка војска и полиција. Во борбата против многубројниот и подобро вооружен окупатор загинале седум од петнаесте членови на одредот, меѓу кои и командантот, Боро Менков.
На 20 декември 1951 година, Боро Менков, заедно со уште 65 учесници во НОБ бил прогласен за народен херој на Југославија од Македонија, со што неговото име е запишано со златни букви во македонската историја, претставувајќи светол патоказ за сегашните и идни генерации Македонци.

Антоанела Димитриевска



# Норман Персевел Роквел
## Американскиот „скаут“

Норман Персевел Роквел е американски сликар и илустратор. Неговите дела имаат широка и популарна привлечност и прифатеност во Соединетите Американски Држави поради нивната експлицитна рефлексија на самата култура на живеењето на таканаречениот „американски сон“

Норман Роквел е роден на 3 февруари 1894 година во Њујорк Сити, во семејството на Џарвис Воринг Роквел и Ен Мери-Ненси. Првиот американски предок на Роквел бил Џон Роквел (1588–1662) од Сомерсет, Англија, кој емигрирал во колонијалната Северна Америка, веројатно во 1635 година, на бродот „Хоупвел“ и станал еден од првите доселеници на Виндзор, Конектикат. Роквел е најпознат по илустрациите на насловните страници од секојдневниот живот што ги создал за магазинот „The Saturday Evening Post“ во текот на речиси пет децении. Меѓу најпознатите дела на Роквел се сериите на „Вили Гилис“, „Рози Риветер“, „Проблемот со кој сите живееме“, „Сајинг Грејс“ и серијата „Четири слободи“. Тој, исто така, е познат по неговата 64-годишна врска со извидниците на Америка (BSA), за кои изработил насловни страници за нивната публикација „Boys' Life“, календари и други илустрации. Овие дела вклучуваат популарни слики кои ја рефлектираат Заклетвата на извидниците и Законот за извидници, како што се „Извидничкиот мајстор“, „Извидникот е почитуван“ и „Рака водилка“ и се причина за популизација на тоа движење, како во САД така и пошироко.

Роквел бил плоден уметник, којшто продуцирал повеќе од 4.000 оригинални дела во својот живот. Повеќето од неговите преживеани дела се во јавни збирки. Роквел, исто така, имал порачка да илустрира повеќе од 40 книги, вклучувајќи ги „Том Соер“ и „Хаклбери Фин“, но и да наслика портрети на претседателите Ајзенхауер, Кенеди, Џонсон и Никсон, како и на странски личности, вклучувајќи ги Гамал Абдел Насер и Џавахарлал Нехру. Неговите теми за портрет ја вклучија и Џуди Гарланд. Тој создава уметнички дела за реклами на „Coca-Cola“, „Jell-O“, „General Motors“, „Scott Tissue“ и други



компании. Тој, исто така, сликал и илустрации за брошури, каталози и постери (особено промоции на филмови), за музички списанија, потоа поштенски марки, карти за играње и мурали (вклучувајќи „Yankee Doodle Dandy“ и „God Bless the Hills“, која е завршена во 1936 година за „Nassau Inn“ во Принстон, Њу Џерси), со што го заокружува опусот како илустратор. Творештвото на Роквел, и покрај популарноста, било отфрлено од сериозни уметнички критичари во неговиот живот. Многу од неговите дела изгледаат „премногу симпатични“ според мислењето на современите критичари, особено насловните страници на „Saturday Evening Post“, кои се стремеле кон идеалистички или сентиментални прикази на американскиот живот. Ова довело до често користење на омаловажувачката придавка „Rockwellesque“., па затоа Роквел не се смета за сериозен сликар од некои современи уметници, кои ја сметаат неговата работа како буржоаска и кич.

Писателот Владимир Набоков изјавил дека брилијантната техника на Роквел била користена за „банална“ употреба и напишал во неговиот роман „Пнин“: „Дали Салвадор Дали е навистина брат-близнак на Норман Роквел, киднапиран од скитници во детството“ и тој секогаш е нарекуван илустратор од страна на критичарите , нешто што во суштина на Норман и не му пречело, бидејќи и самиот се сметал за тоа. За време на Првата светска војна тој се обидел да се пријави во морнарицата на САД, но бил одбиен затоа што имал 64 килограми, а тоа се осум килограми помала тежина за некој којшто е висок 180 сантиметри. Но, Роквел не се помирил со тоа, па тој за една ноќ изел толку банани и крофни и испил многу течности, така што следниот ден тежел доволно за да може да се пријави. Меѓутоа, и покрај тоа што бил примен во морнарицата, тој добил улога на воен уметник и не видел ништо од воините дејства кои, всушност биле и главна причина за неговото пријавување Во 1943 година, за време на Втората светска војна, Роквел ја насликал серијата „Четири слободи“, која била завршена за седум месеци. Серијата била инспирирана од говорот на Френклин Д. Рузвелт, каде што Рузвелт ги опишува и ги артикулира „четирите слободи“ за универзални права. Роквел потоа ги насликал „Слобода од желба“, „Слобода на говор“, „Слобода на обожување„ и „Слобода од страв“. Сликите беа објавени во 1943 година од „The Saturday Evening Post“. За „живи и приврзани портрети на нашата земја“, во 1977 година, од претседателот Џералд Форд Роквел, е награден со Претседателскиот медал на слободата, што е највисоко цивилно признание на Соединетите Американски Држави. Роквел починал н на 84-годишна возраст, на 8 ноември 1978 година од емфизем во неговиот дом во Стокбриџ, Масачусетс.

м-р Трајче Чатмов





# „Мандолината на капетанот Корели“

Мандолината на капетанот Корели“ е американски воен филм од 2011 година, во режија на Џон Маден. Филмот е заснован на истоимениот роман на Луј де Берниер од 2004 година. Главните улоги ги толкуваат Николас Кејџ и Пенелопе Круз. Музиката е есенцијална тема во филмот „Мандолината на капетанот Корели“. Преку музиката, со својата мандолина, италијанскиот капетан Корели успева да „допре до срцето“ на Пелагија и да стапи во љубовна врска со неа, врска која до самиот крај ќе кореспондира со звуците на мандолината. Убавината, љубовта, но, пред сè музиката, се креатори на надежта во филмот, кој отсликува еден тежок период за Грција, каде што, всушност, и се одвива дејството на филмот (поточно на островот Кефалонија), за време на Втората светска војна, кога Кефалонија е окупирана од страна на италијанските трупи. Имено, дејството на филмот започнува во селото Аргостоли на островот Кефалонија, во 1940 година, додека на улиците се одвиваат активности за подготовка на локална фестивалска церемонија. Локалниот лекар Јанис (Џон Хрт), се занимава со вадење заглавено зрно грашок од увото на стариот Стаматис (Герасимос Скиадаресис). Благодарејќи на умешноста на доктор Јанис, старецот, првпат, после многу години, може повторно да слуша. Не случајно филмот започнува токму со овие сцени во кои се потенцира значењето на сетилото за слух, со што и се навестува музиката како двигател на целокупното дејствие во филмот. Малку подоцна гледаме како Велисариус (Педро Саруби), го подготвува својот топ за забавата и, сосем случајно, не сакајќи, го погодува одзади младиот и убав рибар Мандрас (Кристијан Бејл), поради што Мандрас го водат кај докторот да ја добие потребната нега, иако не е многу повреден и притоа ја откриваме неговата врска со Пелагија, ќерката на докторот (Пенелопе Круз). Тие подоцна ќе направат и веридба, но веднаш потоа Мандрас заминува во војна, на границата со Албанија, оставајќи ја сама младата вереница и својата мајка Дросула (Ирене Папас). После неколку месеци војната во Албанија завршува, но победата на Грција не трае долго, бидејќи Германците им доаѓаат на помош на своите сојузници. Во април Грција е приморана да се предаде. Германија го окупира копното, додека на Италија ѝ се доделени Јонските Острови. Веќе во мај на Кефалонија пристигнуваат италијанските окупаторски единици, а во близина се стационирани и германски единици, кои ги предводи капетанот Гинтер Вебер (Дејвид Морисеј).

На докторот Јанис му е наредено во својот дом да прими италијански офицер, па така на сцена се појавува капетанот Антонио Корели (Николас Кејџ). Дознаваме дека Корели, освен што е офицер и преведувач за Германците, тој е и извонреден музичар кој свири мандолина, вљубеник во музиката и во својата мандолина. Корели во селото организира хор под името „Ла скала“. Со текот на времето, тој, со овој хор го освојува срцето на речиси сите жители на островот, така што тука окупацијата повеќе наликува на летен одмор отколку









на воена окупација и терор. Дејството добива на својата драматичност кога ќе се разгори страста помеѓу Корели и Пелагија, кога Мандрас ќе им се придружи на партизаните.
Во 1943 година, во време на хаос и конфузија, после падот на Мусолини, Италијанците се предаваат и Германците од нив бараат да го предадат и оружјето. Меѓутоа, Корели и неговите луѓе сфаќаат дека мора да го спречат јакнењето на германските трупи на островот и затоа им го шверцуваат оружјето на партизаните и се подготвуваат за заеднички отпор. Вечерта пред големата битка, Корели и Пелагија, бидејќи не се сигурни дали повторно ќе се видат, си ги откриваат чувствата еден на друг и љубовта меѓу нив страсно се разгорува.
Иако храбри во војната, италијанските војници се совладани и било наредено нивно погубување. Единствениот преживеан е Корели, кој е заштитен од неговиот пријател Карло. Барајќи ги преживеаните Мандрас го наоѓа Корели, кој е ранет и го води во куќата на докторот Јанис. Пелагија го негува Корели, но кога е пронајден италијански војник во соседната куќа, таа сфаќа дека Корели мора веднаш да го напушти островот. Мандрас ѝ помага во организацијата на бегството, со надеж дека Пелагија повторно ќе го засака, но таа јасно му покажува дека го сака само Корели , иако тој никогаш повеќе нема да се врати.



Во овој филм убавината и љубовта триумфираат над војната. Секојдневниот живот, шармот на островот и индивидуата се поставени наспроти унифицираното и грдото во војната. Анегдотите, љубовта, музиката и магијата на островот, сонцето и тиркизно-синото море му пркосат на воениот терор на еден маестрално доловен начин од страна на филмската екипа. Музиката ја има продорната моќ да допре до срцата и да го разбуди хуманото кај човекот, да не го „одвее машинеријата и студот на оружјето", поточно стравот од војната. Во филмот, мандолината на Корели е метоним за музика. Ја проследува релацијата помеѓу Пелагија и Корели, растот на емоциите, еротиката, драматичноста на релацијата и, пред сè, ја надминува културната разлика помеѓу Корели и Пелагија и нè води во занес преку кој забораваме дека Пелагија и Корели, не само што се од различни култури, туку дека и се од две завојувани страни. Иако Корели, гледано политички, е окупаторот, во филмот доминира женската моќ: емоцијата, убавината, слободата на изразување и се побива машкиот принцип на војување и освојување преку суптилноста на женските принципи, доловени со звуците на малиот, нежен инструмент – мандолината. Ова префрлање на моќта го прави филмот посебен и го издвојува од останатите други воени филмови, при што ги освојува срцата и предизвикува силни емоции кај гледачите.

Ивана Лазаревиќ



**Режија**: Џон Маден

**Улоги**: Николас Кејџ, Пенелопе Круз, Џон Хрт, Герасимос Скиадаресис, Ирене Папас, Педро Саруби

**Жанр**: воена љубовна драма

**Сценарио**: според истимениот роман на Луј де Берниер

**Продуцент**: Тим Баван,Ерик Фелнер,Марк Хуфам, Кевин Лоудер

**Дистрибутер**: САД-„Universal Studios"

**Кинематографија**: Џон Тол

**Музика**: Стефан Варбек

**Монтажа**: Мик Одсли

**Година**: 2001

**Јазик**: Англиски,грчки, италијански,германски

**Земја**: САД, Франција,Обединето Кралство

**Времетраење**: 129 минути

**Буџет**: 57 милиони долари



# Зович, Старавина и Гра
# Мариово – дар

Кога ќе се тргне од Битола кон Логоварди и Новаци, па ќе се поминат Маково и Рапеш, на многу мало растојание од нив се стигнува до Зович. Патот е целосно асфалтиран, но е малку потесен. Се поминува низ недопрена природа, фанатастичен непрегледен предел, а кога ќе стигнете во Зович, треба да се одморите во некоја од етно-куќите или во етно-ресторанот каде можете да пробате традиционален зелник, пита „мазник“ и домашно кисело млеко.

Зович е населено место и овде ќе можете да ги разгледате музејот, новите викендички, но и разурнатите куќи. Во Зович денес живеат едвај десетина жители. Името на селото се смета дека потекнува од една чешма која ја викале „бзович“, бидејќи околу неа имало боз. Грмушките од боз и ден-денес се присутни околу Зович. Селото е ридски предел и е на надморска висина од 680 метри. Зович се наоѓа на средината од Битолскиот дел од Мариово. Она што е најинтересно и мошне атрактивно е Зовичкиот мост или, како што сега го нарекуваат „Филмскиот мост“, кој се издига високо над Градишка Река, се спојува со Сатока и се влева во Црна Река. Камениот Зовички мост е едно од најубавите архитектонски дела во Битолскиот дел од Мариово. Мостот е изграден во 1955 година, на местото на стариот дрвен мост. Мостот му беше и инспирација на режисерот Милчо Манчевски, којшто дел кадрите за филмот „Прашина“ ги сними токму овде, на овој мост. Под мостот има многу карпи, а на една карпа е насликан ликот на Свети Ѓорѓи, останата од некогашната црква што се претпоставува дека постоела во минатото.

Откако ќе го истражите Зович, појдете до Старавина, населено место во кое живеат десетина жители. Името и потеклото на селото се поврзува со големата распространетост на винова лоза. Во Старавина треба да ја посетите и црквата посветена на Света Богородица и спомен-куќата на Калеш Анѓа. И Старавина е покрај Градешка Река, на 50 километри од Битола. Она што малку луѓе го знаат е тоа дека во ова село во 1952 година е пронајден и заб од мастодонт, еден од деветте примероци пронајдени во Македонија, кој денес се чува во Природонаучниот музеј во Белград. И ова село брои многу малку жители. Во селото Градешница тече чистата Градешка Река. Додека реката жубореше, мештаните нѐ информираа дека таа извира од планината која е надморска висина од 1600 м и по нејзиниот тек до селото буквално не постои никаков извор на загадување. На средината е старата црква, која, за жал, полека се распаѓа. Тука е и споменикот „Победа – 100 години потоа“, донација на уметникот и скулптор, Златко Бојковски, споменик посветен на сите жртви од Првата светска војна. И, така, повторно се враќаме назад кон Зович, во етно-ресторанот за да вкусиме повторно некое традиционално јадење како, на пример, свинско под сач. Ова беше еден убав ден поминат во чиста и недопрена природа. Ќе останат сеќавањата и фотографиите за спомен од посетата на овој прекрасен македонски предел.

Каролина Мицевска
фото: Зоран Василески



# дешница во Битолско
# од природата








